**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Педесет и третата седница, одржана на 25 јули 2000 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, (сала број I) со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Предлогот за донесување на Закон за високо образование.

Констатирам дека има потребно мнозинство за да продолжиме со работа.

Продолжуваме со амандманскиот дел по Предлог Законот за високо образование.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе морам да интервенирам, затоа што општата расправа вчера не беше завршена. Јас имам извод од листата јас бев пријавен за дискусија вчера по општата расправа, меѓутоа претседателот на Собранието веројатно и тој беше изморен не сакаше да погледне или случајно не погледна на екранот за да види дека јас бев пријавен, а за прв пат се јавив за дискусија по општата расправа. Доколку не ми се дозволи, а мислам дека не е добро тоа да се направи, мислам дека ќе се направи сериозен прекршок на Деловникот на Собранието на РМ и тоа ќе го сметам дека е направено злонамерно. Инаку можете самите да ја побарате листата, ќе видите дека мене ме има на тој список од вчера како пријавен за општата расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Китановски, одлуката на претседателот на Собранието беше многу јасна и гласна дека повеќе за дискусија нема и општиот претрес е затворен.

Меѓутоа тоа е одлука на Собрание. Не е завршен претрес по законот, бидејќи има два дела, има и амандманско, па имате можност да кажете нешто.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Предлагам да се направи пауза. Да се формира парламентарна комисија, која ќе ги земе листите. Тоа е сериозно прашање. Предлага да се формира парламентарна комисија, која ќе ги провери листите и времето на моето пријавување, односно заклучокот на претседателот на Собранието. Ве молам, се работи за основно демократско право на збор во Парламентот. Ако на пратеник не му се даде збор во Парламентот, незнам што ќе стане со граѓаните во РМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-динот Лазар Китановски ни предложи Собранието да донесе одлука да се формира парламентарна комисија, која ќе го испитува неговото право или неправо за говорење.

Предлогот на Лазар Китановски го ставам на гласање.

Ве молам да се произнесете по однос на предлогот.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 66 гласале 49, против 44, 5 воздржани, за предлогот не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека предлогот на Лазар Китановски не е прифатен.

Господинот пратеник Абдурахман Алити има процедурална забелешка.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Г-да, да се разбереме. Денеска околу 2 часот претседателот на Собранието спротивно на одредбите на Деловникот ја заклучи општата расправа по законот, затоа што во листата на пријавени дискутанти имало уште 3, 4, 5, или незнам колку.

Што се однесува до пратениците на партијата за Демократски просперитет, кои за втор пат беа пријавени, тука беше донесена одлука на парламентарното мнозинство тие да немаат право да дискутираат.

Размислете добро, јас ви обрнувам внимание дека таа работа е голем преседан. Не може парламентарното мнозинство да одлучи колку пати ќе дискутираат.

Второ, исто така вчера претседателот на Собранието даде појаснување дека навистина во Деловникот има одредба, според која Собранието може да работи полноважно да одлучува доколку на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број на пратеници. Но, ако тоа битно не влијае на конечниот исход, може и поинаку. Знаете ли што значи тоа? Тоа значи дека парламентарното мнозинство, мисли дека Уставот на РМ следствено на тоа и Деловникот на Собранието може да се применува доколку парламентарното мнозинство не одлучи поинаку. Дали сме свесни дека ова е голем преседан. Г-да пратеници, ако се следи оваа логика дали ние можеме да очекуваме со одлука на парламентарното мнозинство да ни се

забрани влез во Собрание, дали можеме да очекуваме со одлука на парламентарното мнозинство без почитување на одредбите на Деловникот да се стрижат пратениците од опозицијата, или да се кастрираат ако сакате. Па таа не е дозволено.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Еве сега да ви прочитам, јас сум се јавил во 1 часот и 33 минути. После мене учествувале на некој начин во расправата Абдуладии Вејсели, Саво Климовски, Сејфедин Харуни, Васил Гаџоски, Јордан Бошков, Никола Јованов, Љупчо Анушев, значи седницата траела додека јас сум се јавил.

Ве молам, со ова битно е прекршен Деловникот на Собранието на РМ.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Г-дине потпретседателе, ова е веќе повеќе од јасно дека решиле опозицијата како ПДП така и СДСМ за една цврста опструкција на Собранието на РМ.

Ова повеќе од причина што се пријавува пратеник за збор што е деловничко право во 01 часот и 35 минути. Значи, што сме правеле ние цел ден, а што се однесува до позицијата ПДП уште еднаш пред јавноста да повторам дека до крајна линија сакаат кумбарството со СДСМ да го задржат. Но, да не не малтретираат, тоа е право на сите пратенички групи, на сите партии кумбарство, па потоа коалиција да си прават, но нас овде да не не малтретираат.

Јас во име на пратеничката на ДПА, предлагам да продолжиме со работа со тоа што се договоривме вчера и пред почетокот на седницата и во текот на седницата и на крај, како што се договоривме веќе нема пријавени дискутанти.

Завршивме со општиот претрес и да почнеме со амандманската расрпава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас барам од службите, дали денеска околу 2 часот во списокот на пријавени за дискусии имаше пријавени дискутанти. Доколку немаше пријавени, тогаш можеме да се сложиме со вас. Апсолутно сум против ваквиот заклучок што вие потпретседателе инсистирате да ни скратите право на дискусија. Тоа е нон сенс и затоа не си во состојба не сега, туку никогаш тоа право да ми го ускратиш.

Барам од службите до прекинот на седницата денес во 02 часот, дали имаше пријавени за дискусија во претресот по Предлог Законот за високо образование. Сакам службите тоа да го констатираат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Харуни, јас ви реков дека Собранието има донесено една одлука, оние луѓе кои еднаш учествувале во расправата, да не се јавуваат повеќе.

Понатаму, има одлука на претседателот на Собранието, дека општата расправа е затворена и ќе водиме расправа по амандманскиот дел.

Според тоа, одреден е начин на постапка како ќе одиме. Некои колеги што овде го носат листингот, ќе имавме можност тој доказ да го цениме вака или онака, меѓутоа по истиот принцип, со истото копче се јавуваат и процедурално, во моментот на затворање на општата расправа немало пријавени за дискусија, туку имало процедурално јавување.

Процедуралното јавување не е пријавување за говор по Предлогот на законот. Дозволете една работа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Нема што да ти дозволам, дај ми збор.

Однесувај се по Деловникот на Собранието на РМ. Дај ми збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас навистина незнам г-дине потпретседателе, кој принцип функционира во ова Собрание, дали можеме да добиеме збор со тоа што ќе притиснеме на копчето, бидејќи не гледате во мониторот, дали во тоа што ќе бидеме погласни, или во тоа што ќе најдеме некој начин да ве убедиме дека треба да добиеме збор, меѓутоа што е, тука е.

Јас би сакала да го кажам ставот на нашата пратеничка група. Мислам дека на оваа седница се случува огромна опструкција, меѓутоа за жал таа не се случува од страна, или не е организирана од страна на опозиционите партии, туку партиите на парламентарното мнозинство. Мислам дека, беше опструкција тоа што вчера го правеше претседателот на Собранието, со тоа што ја тераше седницата во недоглед без шанса и на пратениците да се одморат и без шанса денеска да

продолжиме како во било каква нормална ситуација. Меѓутоа, опструкцијата навистина маестрално по се изгледа вие ја завршувате, со тоа што ги прекршувате сите правила на процедурата и сите правила во Деловникот. Во текот на вчерашниот ден дискусијата беше затворена од страна на претседателот на Собранието, иако на мониторот беа пријавени неколку пратеници од кои некои и по прв пат.

Значи дури и да е точно, што не е точно, вашето толкување на Деловникот дека може туку така на сред процедура Собранието да одлучи дека, некои луѓе веќе немаат право да се јават, дури и тоа да е точно, сепак дискусијата по општата расправа требаше да продолжи. Меѓутоа очигледно е дека кај вас денеска не може да се најде ниту разбирање, ниту слух, ниту желба да се почитува процедурата и доколку сте навистина решени, како што изгледате да ја водите оваа седница без било какви правила со прекршување на целата демократска процедура која што го прави овој Парламент демократска институција, во тој случај ќе кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе ја напушти оваа седница, бидејќи не гледа никаква причина со своето присуство да аминува одлуки кои што немаат никаква врска нити со Уставот, ниту со законите, ниту со процедурата, а се сведуваат на некои ваши, или на некои ваши колеги лични желби и потреби.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Една работа е право на пратеничка група да учествува, или не учествува во работата на Собранието е исклучиво нејзино право. Право на пратеник е да присуствува, или да не присуствува. Ваше право е, искористете го и одлучете како што ќе сакате. Вие приговарате на постапка.

Постапката е утврдена, претседателот објави дека општата расправа е завршена. Тука нема веќе што да кажеме. Ако има деловничка работа ќе има само по однос на предлози што ќе доаѓаат, а толкување и примена на Деловникот останува на моја страна.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Барам реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете една работа.

Луѓе ако се јавувате да го толкувате Деловникот секој на свој начин, не бива ништо.

Завршена е работата и нема што повеќе да толкуваме.

Преминуваме на вториот дел, амандманска расправа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Барам процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедуралните прашања веќе поминаа.

(Пратениците на СДСМ ја напуштија седницата).

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Законот за високо образование.

Комисијата за образование и наука поднесе амандман за замена на зборот "јавни", со зборот "државни".

Во целиот текст на законот за бришеше на зборовите "редовен и вонреден" пред зборот "професор" во целиот текст на законот. На член 2 за додавање нова точка 6 и 3 .

(Пратениците на ПДП реагираат со удирање по клупите).

Ја молам службата оние кои го нарушуваат редот на работа во Собранието, да ги отстрани од салата?

На член 2 за додавање нова точка 6 и за додавање нова точка по точка 16. Член 3 став 1 и 2, член 6, член 17 став 1, член 18 став 1, член 23 став 1 член 29 став 2 и 5, член 36 став 1, член 57 став 4, член 58 став 1, член 62 за менување на став 2 и на став 4.

Текстот на амандманите на сите ви е доставен.

ЗПК поднесе амандмани на член 2, член 12, член 14 став 2, член 16 став 3, член 31 став 4, член 32 став 2, член 40, член 47 став 5, член 70 за додавање на нов став, член 78 став 1 и став 3, на насловот пред член 79, член 87 став 1, член 93 став 3, член 154 став 1 и 2, член 171 алинеја 1, член 177 став 1 и 2, член 181 став 5, и 6, член 186 став 1, член 190, член 191, член 192 став 1, 2, 3 и 4 и на член 199, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 9 став 5, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за меѓунационални односи поднесе амандман за менување на член 154, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Данило Глигоровски поднесе амандман на член 84 став 1, по кој Владата не се произнесе.

Пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван

Сулејмани, Мерсел Биљали, Азис Положани, Оломан Сулејмани, поднесоа амандмани на член 8 за менување на став 5, член 24 став 1, член 25 за менување на став 1, член 24 за менување на став 4, член 28 став 2, член 30 став 1, амандмани I, II, III, IV и V, член 34 за менување на став 2, член 35 став 2, за менување на член 41, член 42 ставовите 2,3, и 5, член 95 за додавање на нов став 2 по ставот 1 и за бришење на ставовите 2,3,4,5,6,7 и 8. Член 98 став 3, член 102 став 1, член 128 за менување на став 1, и на член 184 за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Пратениците Абдула Алиу, Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мерсел Биљали, поднесоа амандман на член 184, став 1, по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Илинка Митрева поднесе амандман на член 25 за менување на став 1, член 29 став 26, за менување на член 82, член 84, за менување на став 2 и за менување на член 154, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман за менување на член 154, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на член 95 за менување на ставовите 2 и 3 и на став 4 и 7, по кои Владата не се произнесе.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 25 став 1, член 38, член 45 став 1, член 62 став 3, член 67 став 1 за бришење на алинејата 3 и на алинејата 17, член 72 став 1 алинеја 13 и 14, член 75 став 1 алинеја 4, член 75 став 1 за бришење на алинеја 7 и 14, член 75 став 4, член 84 за менување на став 2, член 85 алинеја 9, член 96 за бришење на став 6, член 97 за бришење на став 4, член 109, член 111 став 3, член 125, член 158 став 2, член 180 став 3 и на член 181 став 4 и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Пратеникот Вангел Симев поднесе амандман на член 95 за менување на став 7, по кој Владата не се произнесе.

Пратениците Илинка Митрева, Тито Петковски, Никола Поповски, Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Илија Филиповски, Ванчо Чифлиганец и Кирил Настески, поднесоа амандман за бришење на член 198 со насловот, по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Рубенс Наумовски поднесе амандман на член 198 став 1 за менување на алинеја 2 и за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, по кој Владата не се произнесе.

Пратениците Милан Ставрев, Павле Тодоровски, Љупчо Анушев, Златко Стојменов, Илија Прангоски и Томислав Петровски, поднесоа амандман на член 119 став 1 и истиот го повлекоа.

Констатирам дека овој амандман не е во процедура.

Пратениците Никола Јованов и Трајко Гешовски поднесоа амандман на член 130 став 2 и на член 140 став 3, по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Валентина Божиновска поднесе амандман на членот 135, член 142 за додавање на нов став 6 по ставот 5 и на член 153, по кои Владата не се произнесе.

Пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани поднесоа амандмани на член 3 став 1 на став 2 за додавање нова алинеја по алинејата 2, на член 8 за менување на став 4, член 17 став 1 за додавање на нова алинеја по алинејата 1, алинеја 8 и на став 2, член 18 став 1 за додавање две нови алинеи по алинеја 2, член 27 став 4 и за менување на став 6, член 29 став 1 и 2, член 36 за бришење на алинејата 2, член 38 став 3, член 152 став 1 и 3, член 62 став 2, член 71 за менување на став 2, член 72 став 1 за менување на алинеја 5, член 74 за бришење на став 7, член 75 став 1 за менување на алинеја 11, член 82 за додавање нов став, член 84 за менување на став 1 и 2, за менување на членот 86, член 94 за додавање два нови става во ставот 1, член 95 за менување на став 2, за бришење на став 3 и на став 4, член 97 став 2 и 3 и на член 104 став 1, 2 и 3 и на член 110 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани го повлекоа амандманот на член 84 за менување на ставовите 1 и 2, кои повеќе не се во процедура.

(Префрлање од страна на пратеникот Сејфедин Харуни).

Пратениците Алириза Лога и Илијаз Халими поднесоа амандман на член 8 став 5, по кој Владата не се произнесе.

Пратениците Илија Прангоски, Томислав Петровски, Златко Стојменов, Азис Положани, Кастриот Хаџиреџа, Диспина Марковска, Марија Јорданова, Ѓулистана Марковска, Љупче Ристески, Трајко Гешовски, Никола Јованов, Звонко Мирчевски, Ненад Ристоски и Ристо Спанаков, поднесоа амандман на член 119 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Рубенс Наумовски поднесе амандман на член 7 став 2, на член 199, по кој Владата не се произнесе.

(Повторно пратеникот Сејфедин Харуни дофрла од место).

Пратениците Илинка Митрева, Радмила Шеќеринска, Тито Петковски и Никола Поповски, поднесоа амандман на член 95 за менување на став 7, по кој Владата на се произнесе.

(Дофрлање од пратеникот Сејфедин Харуни со зборовите "немаш кворум").

Господинот пратеник Чедомир Кралевски бара збор процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, по завршувањето со исчитувањето на предложените амандмани, барам пауза од 15 минути во име на Пратеничката група, заради усогласување на ставовите со поднесените амандмани, што ќе ги прочитате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прифатено е.

Пратеникот Илинка Митрева поднесе амандман на член 20 став 4 и на член 29 став 2, по кој Владата не се произнесе.

Со тоа се исчитани амандманите.

(Пауза 15 минути). (Пауза од 13,10 до 13,50 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Колеги пратеници, додека ги чекаме пратениците што преговараат да се вратат во салата, за да нема недоразбирање ниту меѓу нас, ниту во средствата за јавно информирање, за да не се информира граѓанството за погрешни и невистинити работи за одлуката што сношти ја донесе Собранието, за ограничување на говорот или времето на траењето, должен сум да ви прочитам еден член кој го регулира ова прашање.

Се работи за членот 107, кој гласи:

"По предлог на претседателот или еден пратеник кого го поддржуваат најмалку 10 пратеници, на седницата може да се одлучи говорникот по исто прашање да може да говори само еднаш, како и да се определи времетраењето на неговото говорење".

Колегите кои имаа некое набиено непроверено сознание или толкување на пропис, кој тие само го имаат во глава, нека го земат ова за правило. Во Законот се говори и оној што го применува му се налага - читај го законот, а не сведочи го.

Затоа, им препорачувам на сите да не сведочат закон.

Сакам да бидам искрен. Во овој момент во салата имаме 60 пратеници.

Нека седнат колегите пратеници, зашто може да се случи да се тука, а ја да не ги гледам.

Сега мислам дека има 61 пратеник во салата.

Го известувам Собранието дека за време на паузата, по приговор на еден од членовите на Пратеничката група на СДСМ, Лазар Китановски, дека колегата Китановски се јавил за збор, дали во времето кога претседателот Саво Климовски ја затворил седницата или пред тоа, се констатира дека навистина колегата Лазар Китановски се јавил во моментот, односно пред да почне претседателот Саво Климовски да ја соопштува одлуката за затворање на општиот претрес.

Сега во име на претседателот, затоа што тој ја водеше седницата и го направи соопштението, дека следува на колегата Китановски да му се извиниме и ако дојде во салата за натамошно учествување во работата на Собранието, да го замолиме или да му дадеме заправо можност колегата Китановски да говори или самиот да одлучи што ќе прави со своето право на збор.

Стои малку нелогично, меѓутоа, практично е човек ако има некое право да му се овозможи да го оствари во секој момент и во секое време. Да не одиме сувопарно со строгите правила, кои јас ги почитувам, меѓутоа, заради флексибилност во работата на Собранието би предложил да му дозволиме на колегата Лазар Китановски да говори, ако прифати, ако не, тоа е негово право.

Поради ова и ако Собранието има кворум за работа, би замолил некои од службите, ако е колегата Китановски тука, да му се соопшти оваа одлука на Собранието и за своето право сам да одлучи како ќе го користи. Ако не е тука, ќе продолжиме.

(Присутните пратеници во салата го чекаат доаѓањето на г-динот пратеник Лазар Китановски).

(Паузата ќе ја продолжиме до 15,45 часот, до тогаш веројатно ќе заврши координацијата на СДСМ и на другите политички субјекти).

(По паузата седница продолжи со работа во 16,15 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со амандманската расправа по Законот за високото образование.

Во меѓувреме пратениците Љупчо Анушев, Ристо Спанаќов поднесоа амандмани на член 46 став 4, член 57 став 7 и на член 181 став 6, член 70 став 4, член 77 став 3 и на член 182 став 1 и на член 100 став 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Васил Манчев и Војо Стојановски поднесоа амандмани на член 9 став 5, по кој Владата не се произнела.

И последниот амандман кој во овој момент е стигнат го поднесе пратеникот Јордан Бошков. Амандманот е на член 197, по кој Владата исто така не се има произнесено.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, став 2, за додавање нова алинеја по алинејата 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот министер за образование Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи тој амандман е апсолвиран од Комисијата за образование и наука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање, ве молам да гласаме.

2 пратеници гласаа за, 4 воздржани и 55 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1, став 2, за додавање нова алинеја по алинејата 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Процедурално за збор се јавува г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници од Владата, Пратеничката група на ПДП ја анализираше настанатата состојба при крајот на расправата за Предлог Законот за високо образование на педесет и третата седница на Собранието на РМ и го констатира следното:

Претседателот на Собранието користејќи го парламентарното мнозинство, направи грубо кршење на деловничката процедура, ускратувајќи им го правото за дискусија на пријавените дискутанти по предложениот закон.

Пројавениот интерес наш има многу други субјекти, непосредно засегнати со овој закон, не беа консултирани ни во фаза на подготвување на Предлогот на законот и воедно не се почитуваше препораката на Меѓународната заедница за поширок консензус, при донесување на еден ваков значаен и чувствителен Закон за високото образование.

За жал, и во текот на парламентарната дебата, кршејќи го Деловникот, не ни се дозволува да ги исцрпиме сите аргументи за и против за донесување на еден ваков закон.

Парламентарната група на ПДП, анализирајќи го Предлог законот за високо образование, со сета доблест е убедена и смета дека овој Предлог на закон не ги исполнува ниту минималните очекувања на Албанците за разрешуваше на прашањето на високото образование на мајчин јазик во РМ.

Поради сите овие горе наведени факти, пратеничката група на ПДП нема да учествува во натамошната амандманска расправа по овој Предлог закон, ниту пак во актот на донесувањето на овој закон. Тоа значи дека ние ја напуштаме седницата на Собранието на РМ.

За ускратеното право за учество во парламентарната расправа, парламентарната група на ПДП ќе ги информира сите меѓународни релевантни институции. Благодарам г-дине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина мене ми е жал што парламентарната група на ПДП донесе таква одлука. Јас сум инаку и спремен да се формира и посебна парламентарна комисија, да се процени оваа констатации на парламентарната група на ПДП.

Како и да е, ние ќе продолжиме со расправа и ја почитуваме и таа одлука нивна.

Продолжуваме со амандманската расправа по законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од пратеникот Рубенс Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 4 поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Ќе ве молам, 62 пратеници се присутни во салата, а на екранот имаме 60.

Ги молам сите пратеници кои што се надвор да влезат во салата, бидејќи според присутните внатре немаме доволен број за гласање.

Да го повториме гласањето уште еднаш. Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа против, 2 гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за менување на став 4, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Оломан Сулемани.

Отварам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 5 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Биљали, Азис Положани и Оломан Сулемани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Ве молам господа пратеници, дајте не излегувајте.

Молам уште еднаш да го повториме гласањето.

На работ сме на кворумот.

Ве молам да го повториме гласањето уште еднаш.

Бидете сериозни и не излегувајте повеќе од салата.

Инаку овде по број на картички сме 67 пратеници. Молам да гласаме.

Ве молам бидете сериозни.

Реков овде според картичките сме 67 пратеници во салата. Инаку ќе ја прекинам седницата.

Процедурално бара збор г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, ние од Либералната партија сме присутни овде на седницата, а не гласаме како да сме отсутни, затоа што не ни е решен статусот на нас пратениците. Немаме просторија.

Не е ова уцена. Десет месеци 2 пратеници седат по ходниците.

Со кое право вие нас 10 месеци не држите по ходниците. Десет пати пишувавме и писмо до вас и ништо од тоа. Сакаме да ви кажеме дека и ние сме пратеници.

Ние сме присутни во салата и ќе гласаме за се она што е прифатливо.

Сакаме да имаме исти третман како сите пратеници. Десет месеци ние стоиме по ходниците. Што е проблемот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги очекувам мислењата од пратеничките групи што треба да ми ги дадат за вашиот статус и кога ќе ги добијам, таква одлука ќе донесам.

Тоа е одговорот што сега можам да ви го дадам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе тоа го слушаме 10 месеци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Можеме ли уште еднаш да го повториме гласањето. Молам да гласаме.

4 пратеници гласаа "за", 8 "воздржани" и 54 гласале "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за менување на став 5 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Биљали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 5, поднесен од пратениците Алириза Лога и Илјаз Халими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор претседателот на ЗПК.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што е поднесен друг амандман, во името на ЗПК, го повлекувам овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 5, поднесен од пратениците Васил Манчев и Војо Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, за додавање две нови алинеи по алинејата 1, алинеја 8 и на став 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Делумно се прифаќа. Се прифаќа алинеја 1 и измената во алинеја 8, во редот 2.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи делумно се прифаќа алинеја 1 и измената во алинеја во ред 2.

Не се прифаќа алинеја 2.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Да алинеја 2 не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа по алинеја 2, која не се прифаќа од претставникот на Владата.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

2 пратеници гласаа "за", 9 "воздржани" и 54 "против".

Според тоа и овој амандман не се прифаќа во оној дел во кој Владата не го прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање две нови алинеи по алинејата 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Биљали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

4 пратеници гласаа "за", 10 "воздржани" и 49 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 1 поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за менување на став 1, поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Биљали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

2 пратеници гласаа "за", 9 "воздржани" и 51 "против".

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член

25 за менување на став 1, поднесен од група пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 25 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Не се прифаќа овој амандман, бидејќи тој е апсолвиран со амандманот на владината комисија, односно Владата има таков амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи не се прифаќа.

Госпоѓата Илинка Митрева се јави. Повелете.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Владата во својот амандман практично направила компромис помеѓу постојното решение во верзијата од 27 јуни и амандманот кој јас го поднесов во смисла на преуредување на бројчаната состојба на Одборот за акредитација.

Во мојот предлог стои дека Одборот за акредитација треба да е составен од 15 члена од кои 9 од редот на професорите, кои ги избира Универзитетската конференција на Универзитетите од Македонија, а понатаму соодносот да биде 3 члена од МАНУ и 3 члена именувани од Владата на Република Македонија.

Компромисот на Владата се состои во следново дека е поддржана бројката 9 со тоа што е земена од делот на лицата именувани од Владата за сметка на Универзитетскиот состав и останува два члена од МАНУ, така што мислам дека можеме да го направиме овој компромис меѓу мојот амандман и она што го предлага Владата односно министерот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи го повлекувате амандманот, останува тоа што Владата го има направено.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за бришење на став 4, поднесен од пратениците: Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Билали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

4 пратеници гласаа "за", 9 "воздржани" и 52 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 за бришење на став 4, поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 4, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави госпоѓа Митрева. Повелете.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Мислам дека тука можеше да се покаже поголема еластичност од страна на министерот, дотолку повеќе што доби опсежно објаснување или елаборација на Комисијата за образование на ова Собрание. Меѓутоа, се опстојува сепак на фактот Владата да дава согласност на правилникот за работата на Одборот за акредитација што во старт прејудицира една политичка оптика или агол и мислевме дека Собранието како што е основач на поголем број на високо образовни државни институции, треба да биде инволвирано во донесувањето на оваа одлука, а освен тоа сакавме да има и усогласување меѓу овој член и она што стои во некои други обврски од ист карактер.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за учество во расправата. Дали некој друг бара збор?

Значи проблемот е во тоа дали треба Владата или треба Собранието.

Повелете, збор има министерот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Госпоѓата Митрева добро рече за овој амандман расправавме на Комисијата за образование и наука и тоа нашироко идејата е следната. Се тргнува од тоа дека Владата е дневно мобилна, неделно држи редовни седници, а Парламентот според својата структура и начин на работа возможно е во подолги временски периоди да нема седници и би ги закочил што се вели дневните потреби и интереси на

Универзитетот. Тука нема никаква политичка нотка некој да узурпира право на некого и затоа ние остануваме на овој амандман при решението како што е во законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот.

Повторно побара збор госпоѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Сакам да додадам уште дека една од мотивациите за нашиот предлог беше и следното дека Собранието дава поширока верификација на правилникот за уредување на работата на Одборот за акредитација, а овој аргумент за мобилноста на Владата незнам дали може да се прифати, бидејќи Собранието, како што гледате може многу брзо и ефикасно да работи ако се реши тоа така да го прави, така што ние ќе гласаме против неприфаќањето на министерот, а за она што сме го предложиле.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

10 пратеници гласаа "за", 10 се "воздржани" и 53 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 став 4, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Отворам претрес по амандманот на член 27, став 4 и за менување на став 6, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа по тој амандман.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

3 пратеници гласаа "за", 9 "воздржани" и 56 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 став 4 за менување на став 6, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 2, поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Била ли, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

5 пратеници гласаа "за", 7 "воздржани" и 55 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 став 2, поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 и 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи не се прифаќа отворам претрес по овој амандман.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Ни еден "за", 10 "воздржани" и 56 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 став 1 и 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 2, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 6, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес.

Госпоѓата пратеник Илинка Митрева побара збор.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Добро, ова е интересна игра топло-ладно во однос на прифаќање одбивање на амандманите поднесени од нашата пратеничка група.

И за оваа проблематика долго и опсежно разговаравме на Комисијата за образование, изгледа дека конечно не успеавме да го убедиме министерот иако се колебаше еднаш прифати, па потоа рече дека ќе има консултации, која е целта на амандманот?

Целта на амандманот е упатството за обезбедување и оценување на квалитетот на високо образовните установи на академскиот кадар во РМ да биде донесено од широкото тело со широки ингеренции и висока компетентност и стручност што се вика Интер - универзитетска конференција, а потоа него да го применува Агенцијата за евалуација. Тоа беше односно нашата намера беше да учествуваме во обликување на квалитетот на ова упатство и да биде сместено во она тело кое има најголеми одговорности по однос на ваквото упатство. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

12 пратеници гласаа "за", 8 се "воздржани" и 52 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29, став 6, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, алинеја 1, 2, 4, 5 и 6 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Билали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

3 пратеници гласаа "за", 11 "воздржани" и 51 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 став 1 алинеја 1, 2, 4, 5 и 6, поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за менување на става 2, поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Билали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

5 пратеници гласаа "за", 12 "воздржани" и 49 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 за менување на став 2 поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2, поднесен од пратениците: Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Билали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи не се прифаќа отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

1 "за", 12 "воздржани" и 51 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 став 2, поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 36 за бришење на алинеја 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи не се прифаќа отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Ќе ве молам гласале само 60 од 77 пратеници.

Ве молам пратениците кои излегле да влезат во салата и овие што се тука навистина да гласаат.

Да го повториме гласањето уште еднаш. Ве молам да гласаме.

Дајте малку поголема концентрација. Еден пратеник ни фали.

2 пратеника гласаа "за", 9 "воздржани" и 50 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 за менување на алинеја 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 3, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се прифаќа.

Отворам расправа. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

2 пратеника гласаа "за", 14 "воздржани" и 53 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 став 3, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 41, поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Билали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

4 пратеници гласаа "за", 9 "воздржани" и 51 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 41, поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

2 пратеника гласаа "за", 13 "воздржани" и 15 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 42 став 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 2, 3 и 5, поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Билали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

4 пратеници гласаа "за", 11 се "воздржани" и 54 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 42 став 2, 3 и 5 поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи не се прифаќа, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

2 пратеници гласаа "за", 8 "воздржани" и 57 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 43 став 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 4, член 57 став 7, и на член 181 став 6, поднесен од пратениците Љупчо Анушев и Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 51, став 1, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

За нема никој, 10 воздржани и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 51 став 1, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1 и 3, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Два пратеници се за, 50 воздржани и 10 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 52, став 1 и 3, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа, но тој всушност е апсолвиран со амандман на Комисијата за образование и наука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, не се прифаќа.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Не се прифаќа, затоа што го има.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, не се прифаќа.

Тогаш, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Еден пратеник е за, 56 се против, а 11 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 62 став 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 70, став 4, член 77 став 3 и член 182 став 1, поднесен од пратениците Љупчо Анушев и Ристо Спанаќов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 71 за менување на став 2, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 1 за менување на алинеја 5, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

Истиот амандман е апсолвиран претходно во рамките на амандманот на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Штом не се прифаќа, не се прифаќа, без образложение.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Еден е за, 10 се воздржани, а 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 72 став 1 за менување на алинеја 5, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за бришење на став 7, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Четири пратеници се за, 56 против, а 9 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 74 за бришење на став 7, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 75 став 1 за менување на алинеја 11, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Еден пратеник е за, 12 воздржани, а 56 против.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 75 став 1 за менување на алинеја 11, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 82, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Ова е еден од оние спорни амандмани на Владата што е поднесен на текстот од законот од 27 јуни. Тој не е содржан во Предлогот што е разгледуван во пошироката јавна расправа по текстот од 8 јуни.

На овој амандман, ако министерот се сеќава, а верувам дека би требало да се сеќава, на овој член амандмани поднесоа и Универзитетските сенати и Сојузот на студентите, со цел да се оствари следново, не само да го вратиме министерот на прав пат, па да се сврти кон сопствениот предлог од 8 јуни, туку да се постигне следново:

Сметаме дека Фондот за финансирање на високо образовната дејност треба да го има статусот на правно лице и да има своја жиро сметка, со што ќе се обезбеди, како што велиме во образложението, стручност и компетентност во насочувањето, градењето и реализирањето на политиката за развој и финансирање на високо образовната дејност, што како што реков, кореспондира со, како што наведуваме во амандманот, со член 46 и член 58 став 2 од Уставот на Република Македонија, со што не се нарушува Буџетот на државата.

Ова го предлагаме бидејќи сме истомисленици со Универзитетите, со Сојузот на студентите, со сите оние експерти кои се осврнуваа на ваквата амандманска интервенција од страна на Владата, затоа што сметаме дека одземањето на статусот на Фондот на правно лице, практично претставува упад во автономијата на Универзитетот, дека Универзитетот станува заложник на министерот за образование, кој располага во рамките на своето министерство, со средствата за финансирање и политиката на финансирање.

Сметаме дека добро уредената автономија на Универзитетот со претходните членови, што ја поздравуваме и поддржуваме, на овој начин трпи.

Сметаме дека Владата треба да го ревидира својот став, односно амандманската интервенција во верзијата од 27 јуни и да се врати на изворниот предлог на министерот што го поддржуваме со овој амандман, заедно со Универзитетската јавност во Република Македонија, да му се врати на Фондот за финансирање својството на правно лице и да се обезбеди автономија. Во спротивно, мислам се прави саботажа на сопствениот концепт на законот што обезбедува висока автономија на Универзитетот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Ова заслужува мала елаборација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Само, да биде мала.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Мала, сосема мала.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Затоа што ни отидоа пратениците. Еве, излегоа.

Јас не можам да сфатам еден час да не можат овде да останат. Повелете.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Видете, ништо не му е одземено на Фондот од надлежностите.

Тоа е битната работа на нештата. Одборот што треба да одлучува, стои, потсметката стои. Не одлучува министерот. Министерот инсистираше да има стручни и компетентни луѓе, тоа се 15.

Суштината, ако веќе сакате да ја имате, прифативме амандман, тоа добро го знае Митревска и го сменивме редоследот, односно бројките, Универзитетите и факултетите се присутни со поголема бројка од оние што ги именува Владата, така што не може никакво влијание да има некој од надвор во поглед на трошење на средствата.

Дури, нешто повеќе, дозволивме влегување и на два студенти, заради транспарентност и јавност во работата на Фондот. Едноставно Фондот ништо не изгубил. Се стои, компетенциите се тука, го губи својството на правно лице, експертите од економската област рекоа дека тоа е некоја пара државна институција не и е место во системот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓа пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Се поставува едно логично прашање, ако се останува исто, зошто не останавте на верзијата од членот 82 од 8 јуни 2000 година.

Зошто била потребна накнадна интервенција, зошто истата интервенција сте ја направиле во членот 84, каде го преуредувате соодносот на членовите на

Управниот одбор на Фондот, а сега гледам правите компромис па го прифаќате амандманот предложен од моја страна, за да направите, би рекла една рамнотежа помеѓу отсуството на автономност во одлучувањето на Фондот, организиран во рамките на Министерството, со тоа што го враќате соодносот на членовите на Управниот одбор што во суштина не придонесува во оној степен во кој што тоа би се случило ако прифатите Фондот да има статус на правно лице.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Министерот одговара на вашите прашања зошто, зошто, зошто.

Тоа е врз основа на аргументи. Сум прифатил дел од вашите аргументи и тие се преточени во норма и тоа на ваш предлог.

Така што, аргументите биле тие кои ја носеле одлуката на министерот, односно на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Се извинувам господине министер, ние зборуваме за два различни члена, различни амандмани.

Сега сме кај членот 82, што го спорам, одземањето на статусот на правно лице на Фондот за финансирање на Универзитетот. Сега го амалгамирате овој член со членот 84, што третира сосема различна проблематика.

Ќе зборуваме за тоа кога ќе дојде на ред амандманот.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Морам да ви кажам, вие имате тенденција да правите политика овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Се извинувам, госпоѓата пратеник Илинка Митрева побара збор.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Јас мислам дека искажаното од страна на министерот, последниот аргумент во отсуство на вистински аргументи, се што не прифаќа министерот е политика. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам да прекинеме со расправата.

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

15 пратеници гласаа за, 3 се воздржани, а 60 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 82, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Отворам претрес по амандманот на член 82 за додавање нов став, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Три пратеници гласаа за, 9 воздржани и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 82 за додавање нов став, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 84 став 1, поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 84 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа, но знае Илинка дека тој е исто апсолвиран амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес.

Има збор госпоѓата пратеник Илинка Митрева. Повелете.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине министер, вака во интерес на елеганцијата ќе беше добро да кажете дека решението што доаѓа од Владата, во вид на амандман беше претходно содржано во мојот амандман. Требаше да му дадете предност, бидејќи практично прифаќате корекција на сопствениот став по однос на структурата на Управниот одбор на Фондот за финансирање.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Па добро, ќе кажам дека прифаќам аргументи, а политиката не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, останувате дека не го прифаќате амандманот?

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Не го прифаќам, затоа што е апсолвиран.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес понатаму, молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

15 пратеници гласаа за, 60 се против, а 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 84 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 86, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Еден е за, 8 воздржани, а 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 86, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 94 став 1 за додавање на два нови става, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа. (Реакција од страна на пратеник).

Подоцна е поднесен и ќе отвориме претрес по него. Јас прочитав подоцна.

Сите амандмани, на крајот, ќе прашам дали некои од амандманите не сме прочитале и ќе расправаме.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Три пратеници гласаа за, 7 воздржани и 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 94 став 1, за додавање два нови става, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 95 за менување на став 2, за бришење на став 3 и став 4, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Седум пратеници гласаа за, 9 се воздржани, а 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 95 за менување на став 2, за бришење на став 3 и став 4,

поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 95 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за бришење на ставот 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8, поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Биљали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Осум пратеници гласа за, 6 се воздржани, а 53 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 95 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за бришење на ставот 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8, поднесен од група пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отварам претрес по амандманот на член 95 за менување на ставовите 2 и 3 и на став 4 и 7 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи амандманот не се прифаќа, отворам претрес.

За збор се јави г-дин пратеник Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитувани претставници од Владата, почитуван министер, ќе ве замолам да обрнете малку поголемо внимание на амандманите што ги предлагам, затоа што сметам дека поцелосно ќе овозможат решавања на прашањето за високо образование на албански јазик.

Имено, со измените што се предлагаат во член 95 на ставовите 2 и 3, се предлага согласно со Уставните одредби, со кои што е загарантирано правото на образование во основното и средното образование за националностите и образованието на кадрите за потребите на овие институции, да се одвива во една посебна установа, каде што ќе се организира образование на кадри за наставници на јазиците на националностите.

Сметам дека на овој начин поцелосно ќе се реши ова прашање, а од друга страна мислам дека е возможно оваа нова наставна установа, која би се формирала како Педагошка установа, да функционира во рамките на идниот Универзитет на албански јазик, кој што во исчекување е да се основа.

На тој начин и државата во одредено време би можела да се вклучи во финансирање на одредени активности од овој Универзитет.

Исто така со амандманот предлагам наместо два наставни предмета во текот на студирањето, само еден наставен предмет покрај македонскиот да се изучува на македонски јазик, додека во приватните високо образовни институции да не постои обврска да се изучуваат два предмета на македонски јазик.

Доколку е целта интегрирањето во општеството преку учење на два предмета во јавната високо образовна институција, односно во приватната, мислам дека тоа не може да се постигне, затоа што премалку е тоа за едно целосно интегрирање. Мерките за интеграција би требало да бидат насочени во друга насока.

Сметам дека на овој начин само се комплицираат работите и не се придонесува да се одвива едноставно решавањето на ова така актуелно прашање, околу образованието на националностите.

Доколку сте во можност да прифатите една измена во концептот на решавањето на ова прашање, сметам дека и целото ова прашање би се решило на поцелисходен начин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот министер Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Заслужува внимание да се кажат неколку збора за ова што беше спомнато.

Членот 95, е член во кој што е најдена една средишна линија во рамките на која се задоволуваат потребите на она што значи образовна компонента и тоа на две нивоа.

Кога станува збор за наставните факултети, за предучилишното, основното комплетно до четири години и предмет на настава осмата година се изведува на мајчин јазик на слушателите на припадниците на националностите.

Второ, во тој член имаме високообразовни институции кои се од приватен карактер. Исто така таму возможно е комплетна наставата да се изведува на мајчин јазик, така да барањето на некое средно друго трето решение, некоја друга институција навистина јас не го гледам резонот, не го гледам оправдувањето.

По ова што вие го предлагате барате да има три одделни...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро г-дине министер, го имате кажано во законот, не објаснувајте понатаму. Немаме ние многу време сега да слушаме елаборации. Дајте пократко.

Благодарам, елаборирањето доволно ќе биде.

Процедурално бара збор г-динот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, ве молам да го оставите министерот да елаборира зошто ги одбива амандманите, за да...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте така...

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Ве молам, за да можам да го обликувам моето мислење и да го дадам својот глас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ќе го пуштиме министерот нека говори. Штом барате.

Повелете г-дине министер, уште пола саат објаснете.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Не, не, благодарам. Јас кажав што имам да кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Одиме понатаму. Господинот Мевљан Таири, повторно бара збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Јас ќе ве замолам г-дине претседателе во натамошниот тек на расправата да бидете малку потрпелив во овие наши обиди евентуално да предизвикаме прифаќање на некој наш амандман, затоа што апсолутно не ми е целта да ја одолговлекувам расправата. Едноставно смет дека со законот е испуштено да се направи чекор понатаму и тоа што е овозможено да се направи во приватните високо образовни институции, во делот на образованието на кадрите за основното и средното образование сметам дека непотребно се комплицира со решението кое се нуди за јавните образовни институции.

Мислам дека истата логика би требало да се следи и кога се работа и за приватните и за јавните високо образовни институции во делот што се однесува на образование на кадри за предучилишното, основното и високото образование.

Впрочем, барам уште едно објаснување од министерот, каква е таа разлика дистинкција што ќе се прави помеѓу наставници, кои што ќе предаваат предметна настава во основното образование, со тие што ќе предаваат во средното образование.

Мислам дека на неприроден начин им се ускратува правото на наставниците, кои што ќе се образуваат за настава во основното образование по предметна настава, да не можат понатаму да предаваат во средното образование.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете господине министер.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Јас сакам да го сфатам претседателот дека заради рационално трошење на времето малку ми го ускрати мене правото, потполно го разбирам, но од друга страна ја разбирам и потребата да се разјаснат некои работи.

Ако барате одговор, одговорот е следното:

Кога станува збор за предучилишното, или поточно основното образование, вие знаете дека според уставот на Република Македонија, тоа е задолжителен облик на образование. Оттука, и за родителите и за децата произлегува обврска да посетуваат настава.

Тоа значи тие имаат обврска истовремено сега кога доаѓаат во образовните институции имаат и право да добијат квалитетна настава. Ако на едната страна има право, тоа се родителите и децата, на другата страна на државата постои обврска. Тоа значи обврска во рамките на јавните високо образовни установи да се создаде кадар кој ќе може да пренесува квалитетно знаење на овие деца.

За разлика од тоа, кога станува збор за средните училишта, вие знаете, за членот 45, тој е јасен во Уставот. Тоа може да биде и во јавна сфера и во приватна. Со други

зборови средното образование кај нас не е задолжителен облик.

Оттука државата онолку колку што се нејзините можности може да издвојува, може да поттикнува, може да го поддржува, но нема и обврска да создава високо образовни институции за да може на ист начин да ги задоволува потребите на јазиците на националностите.

Тоа е накратко образложението. Но, кога станува збор за она што значи струка најдено е едно решение и тоа е решението кое се сведува на следното.

На педагошкиот факултет, постои дидактично - методички центар и струката таму се проверува и се дозволува тоа да се полага на својот мајчин јазик. Тоа е дидактика, методика, педагогија, психологија, она што значи еден методолошки пристап за примање и на пренесување на знаење.

Тоа е одговорот на вашето прашање кое ми го поставивте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Господинот Мевљан Таири бара збор.

Уште еднаш имате право да зборувате.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Сега за последен пат ќе се јавам, затоа што сакам да кажам дека министерот не ме убеди со своите аргументи, во ставот кој што го задржува.

Мислам дека државата и родителите се во една спрега, што се однесува до основното образование и родителите имаат за обврска да ги школуваат своите деца, додека првото е загарантирано и во основното и во средното образование.

Така што, не гледам дека има некоја посебна причина за ова дистинкција што се прави меѓу образованието на кадрите за основното и средното образование.

Сепак сметам дека е недостаток на политичка волја и по се изгледа овде е тој чекор кој што не сте успеале да го направите.

Мислам дека би било многу поедноставно решението кога би се направило ова. Тогаш целосно би било решено ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

13 за, 4 воздржани и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 95 за менување на ставовите 2 и 3 и на став 4 и 7, поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Отворам претрес по амандманот на член 95 за менување на став 7, поднесен од пратеникот Вангел Симев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се прифаќа. Молам, дали некој бара збор?

Има збор г-динот пратеник Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Предмет на амандманот кој го поднесов е член 95 став 7, а неговата цел е менување точно на ставот 7 и тој треба да гласи:

"Наставата на приватните високо образовни установи може да се изведува и на еден од светските јазици".

Кога наставата би се изведувала на еден од светските јазици, македонскиот јазик би се изучувал како посебен наставен предмет, а додека другите наставни два предмети исто така би се изучувале на македонски јазик.

Сакам да дадам и образложение.

Зошто го давам? Најпрво би кажал затоа што членот 95 е против уставен.

Во член 48 од Уставот се вели:

"Припадниците на малцинствата имаат право да изучуваат настава на свој мајчин јазик во основното и средното образование". Таа е едната причина.

Другата причина е, обесправени се поедини. малцинства, како што се Србите, Ромите, Власите, Турците и други. Истовремено, фаворизирано е само едно малцинство, а тоа е албанското малцинство.

На овој начин, зошто предлагам приватен Универзитет на еден од светските јазици, затоа што ќе бидеме ослободени од сите примери на едноумието и ќе имаме многу поквалитетно образование, каде што ќе имаме можност да дојдат стручни кадри од Европа и квалитетот на наставата би бил далеку поефикасен и многу полесно тие стручни кадри ќе можат да се интегрираат во Европските процеси, а истовремено и во распределбата Европска, затоа што ќе

владеат најмалку со еден од светските јазици.

Тоа ни беа главните причини, за кој предлагам овој став да се измени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Вангел Симев.

Молам, дали бара некој друг збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам, да гласаме.

20 пратеника гласаа за, 7 воздржани и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 95 за менување на став 7, поднесен од пратеникот Вангел Симев.

Отворам претрес по амандманот на член 95 за менување на став 7, поднесен од пратениците Илинка Митрева, Радмила Шеќеринска, Тито Петковски и Никола Поповски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се прифаќа.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Збор побара г-динот Никола Поповски, процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, пратеничката група на СДСМ, присуствува на оваа седница свесна дека со своето присуство овозможува работа и евентуално со своето присуство овозможува работа на Собранието и евентуално донесување на законот.

Меѓутоа, г-дине претседателе пратеничката група на СДСМ апсолутно не прифаќа, апсолутно, повторувам не прифаќа да работи во условите во кои работиме.

При секое гласање, ама буквално при секое гласање уште од почетокот на амандманската расправа, значи веќе по 50-тина амандмани во ова Собрание се случува Собраниските пратеници, дури заменици координатори да гласаат себе, за соседните картички, за оние кои се тука, за оние кои не се тука.

Мислам дека почнува целава атмосфера, покрај тоа што тие одговорен за законитоста на Собранието можете да се доведете во позиција да носите или одбивате амандмани и закони спротивно на Уставот и понатаму на тоа да се повикува секој кој треба да го спроведе законот, дека тој не е донесен како што треба по уставот. Треба да се грижите за законитоста во работата.

Второ, ние не сакаме да се доведеме во позиција да служиме овде за декор, а да бидеме надгласувани од пратеници фантоми кои воопшто не се во салата.

Заради тоа г-дине претседателе, ве уверувам дека отсега натаму за било кој амандман доколку оцениме, а тоа го гледаме со свои очи од овие клупи како се гласа за соседните и нашите предупредувања се отфрлаат со забелешки дека така ни се сака, отсега го земам правото како координатор на пратеничката група за секој амандман да барам поединечно изјаснување само за да овозможам законитост во работата, ако вие тоа не го обезбедите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ја прифаќам вашата констатација.

Ги молам сите пратеници да влезат внатре, да имаат трпение, а службите секој пратеник стане ли од своето место, да ја извадат картичката.

Ги молам службите во истиот момент кога пратеникот ќе стане од своето место, да му биде извадена картичката.

Јас знам дека сега имаме околу 70 пратеници овде и можеме полноважно да одлучуваме, но ако тоа се случи во оној момент кога ќе стане пратеникот да му се извади картичката.

Тоа е она што можам јас да ви го ветам заради нормално работење на Собранието, инаку знам дека се друго е злоупотреба.

Во секој случај ова беше повеќе процедурално прашање.

Ќе ве молам, амандманот е прочитан, поднесен, дали некој друг бара збор.

За збор се јави г-ѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Благодарам г-дине претседателе, јас немав прилика за овој член и особено за ставот 7 на овој член да направам дебата со министерот во рамките на комисиите во кои што учествував во работата, пред се во комисијата за образование и наука.

Меѓутоа, таму навестив дека ставот 7 од членот 95 ќе биде предмет на наш

амандман и дека нашиот став по ставот 7 од членот 95, ќе го искажеме при амандманската расправа на пленарната седница, што го користам како право по една поопсежна елаборација да го сторам сега.

Најпрво, би сакала да ги споредам текстовите на двата става, она што е предложено од Владата, ставот 7, а потоа да го прочитам амандманот што сме го поднеле и да ги дадам аргументите за тој амандман.

Имено, во ставот 7 од членот 95 стои следното:

"Наставата на приватните високо образовни установи може да се изведува и на јазиците на припадниците на националностите, или на светските јазици".

Кога наставата се изведува на јазиците на припадниците на националностите или на светските јазици, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет и наставата си се изведува на македонски јазик најмалку за уште два наставни предмети.

Значи, тоа е базичниот текст на Предлогот на законот, предложен од Владата односно од министерот.

Јас би сакала сега да го прочитам текстот на нашиот амандман, за да можеме да направиме извесна компарација и да ги дадеме аргументите.

Ние предлагаме на приватните високо образовни установи на кои се образуваат кадри за наставници за средното и основното образование за администрација и менаџмент, наставата може да се изведува и на јазиците на националностите. Наставата на приватните високо образовни установи може да се изведува и на светските јазици. Кога наставата се изведува на јазиците на припадниците на националностите или на светските јазици, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет и наставата се изведува на македонски јазик најмалку за уште два наставни предмети.

Изразивме став дека решението предложено од страна на Владата е проблематично од уставен аспект. Таквиот став се заснова на следните аргументи, како и експертската комисија на министерот, така и ние вложивме голем напор да ја прегледаме уставната материја, како и меѓународните договори, кои што преку ратификација во овој Парламент, се вградени во правниот систем на РМ.

Во таа смисла ги проучувавме сите оние членови кои што ги проучувала и експертската комисија, а ги проучувавме и коментарите кои што експертската комисија на министерот ги бараше од врвни стручњаци по уставно право во РМ. При тоа ги елабориравме содржините на преамбулата на Уставот на членот 7, на членот 8, на членот 9, на членот 19, на членот 44, на членот 45, на членот 46, на членот 47, на член 48, понатаму на членот 98 и на членот 118.

Членот 118, кој што ја има следната содржина:

"Меѓународните договори што се ратификуваат во согласност со Уставот, се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон", не упати кон следниов заклучок:

"Дека од целиот преглед на меѓународни договори, кој што ни е доставен овде, единствен договор кој што има нормативно дејство и е вграден во внатрешниот правен поредок на РМ е Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства".

Во своите елаборации министерот многу често се повикуваше на ратификувани и не ратификувани меѓународни документи. Ние во нашите проучувања се ослонуваме исклучиво на оние кои што се ратификувани.

Па така, една од основите кои што на експертската комисија, односно на министерот, односно Владата им послужила како извор за аргументација за донесувањето на ставот 7 во членот 95 е и оваа Рамковна конвенција.

Меѓутоа, дозволете ми да си земам за право да прочитам дека во Рамковната конвенција, ниту во првиот, ниту во вториот став од членот 12 не се наоѓа подлога за она што е предложено. Затоа што, тука со Рамковната конвенција се дефинираат следниве можности.

"Страните ќе преземат доколку е потребно мерки во образованието, истражувањето за унапредување на сознанијата за културата, историјата, јазикот, верата и нивните национални малцинства како и на мнозинството".

Ставот 2: "Страните меѓу другото ќе понудат соодветни можности за образование на наставници и пристап до учебниците и ќе ги олеснат контактите меѓу учениците и наставниците од различни заедници".

Членот 13 ставот 3: "Страните се обврзуваат да ја унапредуваат еднаквоста

на можностите во пристапот до образование во сите степени на припадниците на националните малцинства, значи еднаквост во пристапот".

И она што е битно за формирање на нашето мислење, тоа е член 13 каде што се кажува следново: "Во рамките на нивниот образовен систем, страните им го признаваат и припадниците на националните малцинства, правото на формирање и управување со нивни сопствени приватни установи за образование и обука". Ставот 2: "Вршење на ова право не подразбира никаква финансиска обврска за страните".

Значи, Рамковната конвенција е компатибилна со исполнувањето на членот 45 од Уставот, кој што е вграден во овој Закон за отворање на приватни високо образовни институции и тие имаат се разбира подлога во оваа Конвенција.

Од друга страна, внимателното анализирање на членовите на Уставот, кои што ги цитирав не даваат подлога за вакво решение во високото образование од приватен карактер, односно употребата на јазиците на националностите во овој степен на образованието.

Сакам да го потсетам министерот дека треба внимателно да се читаат коментарите нарачани од експертите по уставно право, бидејќи во тој случај можеби овој член ќе изгледаше поинаку. Па така, во тие коментари можеме да видиме дека во ниедна, ниту една интерпретација на ниту еден член од Уставот, кој што е цитиран во врска со формулацијата на ставот 7, не наоѓаме правна основа за ваквото изведување на употребата на јазиците на националностите во овој член. Напротив, се смета дека членот 48, кој што е инаку најцитираниот член во врска со употребата на јазиците на националностите, бидејќи ги уредува во основното и средното образование, е рестриктивен и всушност претставува на некој начин забрана, бидејќи дефинира каде се употребуваат јазиците на националностите се забрана за истата таква употреба во високото образование.

Ние сакавме да направиме наш придонес во решавањето на ова прашање за кое што сме исто толку заинтересирани, бидејќи претставува во крајна линија решавање на еден би рекла проблем кој што подеднакво на сите ни лежи, а тоа е начинот на кој што националностите ќе бидат интегрирани во општо образовниот систем на РМ. И во таа смисла, а врз основа на информациите што ги имаме и од министерот Галев, исто така ги имаме од медиумите, а и од самиот господин Ван дер Штул, со кого што сме контактирале. Сакавме со овој амандман да направиме прво усогласување со претходните ставови на овој член, на членот 95 каде што се уредува употребата на јазиците на националностите во државните високо образовни институции по аналогија, со тоа и по аналогија на сите цитирани членови на Уставот, да предложиме едно решение кое што едновремено ги супсумира и претходните ставови, а и онаа визија која што е изнесена од страна на експертската комисија и која што претставува организирање на една висока школа, во која што би се создавале кадри, наставнички кадри за основно и средно образование, за администрација и менаџмент.

Сметаме дека ова е голем придонес во оваа би рекла деликатна материја и мислам дека растегнувањето на интерпретациите на Уставот во контра аргументација на овој наш предлог, нема да биде добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

Има збор господинот пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Министерот дали го прифаќа амандманот?

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Ако има од пратеничката група уште некој да се произнесе, па наеднаш да одговорам.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, господине министер, почитувани колеги, неколку дена бев службено отсутен и денеска е прв ден на работа во Собранието, така што не можев да бидам информиран дека дел од пратеничката група на СДСМ, има поднесено амандман во врска со ставот 7 во членот 95.

И затоа јас имам поднесено амандман со идентична содржина. За да не се навраќаме повторно во врска со амандманот што јас го поднесов, со идентична содржина, би сакал да се придружам кон овој амандман и да се искажам во врска со него.

Во сите држави кои имаат стратегија и водат сметка за значењето

на образованието за севкупниот развој и прогрес на оваа дејност од посебен јавен интерес и даваат врвен приоритет.

При тоа, во таквите земји решенијата со кои што се создаваат законски услови за нејзиното уредување како што ни е познато, можеби на сите се подредени само на образовната компонента. Тие решенија од кои што повеќето и во изминатиот период ни беа добро познати се многу ефикасни, даваат плодотворни резултати и се проверени во праксата.

Мене ми е сосема јасно дека оваа наша држава споредена токму со тие држави, има многу специфики и дека кај нас не можеме така едноставно да ги пресадиме сите овие добри решенија, кои како што реков веќе се проверени и даваат резултати во таквите држави. Ако не беше така, ако ги немавме тие специфики, тогаш ќе можевме да се концентрираме само на оние решенија кои се врзани за образовната компонента, која е и треба да биде основна и најбитна за високото образование, како дејност од највисок јавен интерес.

Меѓутоа, токму заради тие специфики во нашите Закони за образование, посебно за оние степени со кои младите се оспособуваат за работа и по стекнувањето на квалификациите се вклучуваат во економските и во другите токови, мора да се води сметка и мора да се вградат решенија и за обезбедувањето на комуникациската, односно на интеграциската компонента на образованието во целина.

И како што знаете, како највисок законодавен дом и Владата како предлагач, или ние како пратеници и поединци предлагачи на законот, сите тие законски решенија мора да ги направиме да бидат во рамките на уставно - правниот поредок на државата и во склад со нејзината внатрешна политика, која треба да обезбеди целосна интеграција на припадниците на националностите, да обезбеди меѓусебна доверба, соживот, мир, стабилност, прогрес во целата држава. Какви се состојбите и какви се решенијата понудени на образовен, комуникациски и интеграциски план со законскиот проект кој што се наоѓа пред нас, односно со ставот 7 поконкретно во овој случај. Стратешки интерес на оваа држава е да обезбеди прво подеднаков пристап и подеднаков квалитет на образованието во сите негови степени од предучилишното, основното до високото за сите граѓани независно од нивната етничка религиозност или било каква друга припадност.

Тоа основно право на сите граѓани на РМ е загарантирано со Уставот на РМ. Во РМ сите имаат право под еднакви услови да се вклучат во сите степени на образование, без било какви ограничувања врзани на пример за етничката припадност, туку напротив таквото право го имаат дури под некои олеснителни околности, кои за високото образование како што знаете произлегуваат од принципот на позитивна дискриминација, која се смета и на одреден начин не е најправедна, но дава резултати, затоа што како што ни е познато исто така, благодарение токму на тоа решение во последните неколку години бројот на припадниците на националностите во РМ запишани на двата Универзитета се зголеми од 3% на 9%. Спецификите на тој план произлегуваат од уставните решенија за правата на припадниците на националностите да се школуваат на својот јазик.

Во оваа прилика немам намера да навлегувам во лавиринтите на правните толкувања, што всушност гарантира нашиот Устав. Но, тргнувајќи токму од потребата сите решенија врзани за овие прашања да не излезат надвор од рамките на уставно - правниот поредок на државата, само ќе споменам дека на тој план има различни, односно разни толкувања. На пример, познато е дека Уставниот суд даде толкување дека правото за наставата на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје да се изведува на јазиците на националностите, произлегува директно од ставот 4 на членот 48 од Уставот на РМ.

Меѓутоа, во решението на Уставниот суд со кое е дадено ова толкување, не постои став според кој по пат на некое поинакво толкување на неговите одредби се дава можност за настава на јазиците на националностите во сите области на високото образование. Затоа, една од областите за која има уставна основа за настава на јазиците на националностите е високото образование, во која се образуваат кадри за наставници, за професори во предучилишното, основното и средното образование. Тоа право е операционализирано со ставот 2 од

членот 95 цитирам: "Наставата на јавните педагошки и високообразовни установи за образование на воспитувачи во предучилишното воспитание и наставници за основното образование, како и по дидактичко - методичките предмети за наставници во средното образование може да се одвива и на јазиците на припадниците на националностите".

Третиот став, наставата по дидактичко методичките предмети од ставот 2 на овој член се изведува во дидактичко - методичкиот центар организиран на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје.

Четвртиот став, кога наставата се изведува и на јазиците на припадниците на националностите согласно ставот 2 на овој член, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет и наставата се изведува уште за два наставни предмети од јадрото на предметите на факултетите.

Понатаму во ставот 5 се операционализира и потребата за изведување на наставата на еден, или повеќе од светските јазици, меѓутоа она што е исто така многу битно е што со шестиот став се операционализираат и уставните одредби со кои се гарантира правото на негување на културниот идентитет и националните особености на националностите. Наставата на јавните високо образовни установи по одредени наставни предмети, односно содржини од уметностите и за јазиците на припадниците на националностите, може да се изведуваат и на јазиците на припадниците на националностите, како што беше тоа случај на пример со студиите во високото образование на Драмскиот факултет. Правата пак од друга страна операционализирани со ставот 7, произлегуваат од толкувањата што ги дава предлагачот на законот, дека припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во сите степени на образованието и за сите струки, како што е кажано во овој став.

Ако е тоа така, прво, не можам да разберам зошто тоа право се операционализира само за приватните високо образовни дејности, а не и за јавните. Понатаму, почитувани колеги, ако правото на образование на својот јазик постои, тогаш тоа постои и во тој случај апсолутно не постои разлика и не е важно дали се реализира на приватна, или јавна високо образовна установа.

Меѓутоа, иако не ни е сеедно дали решенијата во Законот имаат уставно - правна основа, или не, еве да претпоставиме дека законодавецот е во право, дека има уставно - правна основа за изведување на високо образовна дејност во приватните установи за сите струки во високото образование.

Во таков случај значи, припадниците на националностите се стекнуваат со право на образование на својот јазик во сите степени од предучилишното, основното, средното до високото образование.

Меѓутоа, во тој случај треба да знаеме дека со операционализацијата на тоа право се создаваат законски основи за формирање на паралелен образовен систем од предучилишното образование па се до високото.

Затоа, се поставува прашањето што тоа ние озаконуваме со овие решенија и дали тие решенија се во согласност со потврдената скоро 10 -годишна внатрешна политика, или политика на интер-етнички план да се вложат сите напори и да се создадат сите предуслови во државата, припадниците на националностите да бидат целосно интегрирани во сите институции на оваа држава. Не е потребна некоја продлабочена анализа, или незнам по колку пати препрочитувања на овој став 7 од членот 95, за да ни стане јасно дека ако законот се прифати со таа содржина, создаваме легални услови не за соживот и интеграција на сите граѓани во институциите на државата, туку за живот еден покрај друг во која патиштата токму на тие што утре заедно треба да ја водат и раководат оваа држава, едноставно никаде не се сретнуваат.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Тоа води кон дезинтеграција, а не кон интеграција. Тоа треба подеднакво да не загрижи сите, независно од тоа дали сме Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми и т.н.

Со овој амандман за измена на содржината на ставот 7 сметаме, прво, дека се избегнуваат овие далекусежни и несогледливи последици по внатрешната доверба, меѓуетничките односи во оваа држава, резултатите кои треба да произлезат од добро проверената стратегија на внатрешната политика, сите да бидеме интегрирани во институциите на оваа држава, а не да живееме еден покрај друг и да придонесеме да се влезе во едни води кои ќе не водат можеби до дезинтеграција,

која верувам дека никој од нас не ја посакува.

Со овој амандман, спротивно од тоа, се создаваат законски основи Република Македонија да ги оствари токму стратешките цели на таа своја внатрешна политика и обврските што ги има спрема сите граѓани, независно од тоа на кој етникум припаѓаат, на која религија припаѓаат, затоа што со овој амандман се создаваат законски основи да може припадниците на националностите да образуваат кадри за наставници и професори во предучилишното, основното и средното образование на мајчиниот јазик.

Со овој амандман се создаваат услови да може да се образуваат кадри на мајчин јазик за администрацијата, со оглед на тоа што со тоа се операционализираат првиот и вториот став од членот 8 на Уставот, каде што е кажано дека покрај македонскиот јазик, во официјална употреба се и јазиците на националностите, по оние средини во кои што националностите живеат во мнозинство или вториот став, во значителен број.

Со оглед на тоа што сакаме практично со една забрзана динамика, што е од клучен интерес за стабилноста и мирот во државата, за сите институции во државата што поскоро да се постигне приближно толкава процентуална застапеност на припадниците на националностите, со кои тие учествуваат во вкупното население во Република Македонија, во сите тие институции се потребни кадри кои се едуцирани за современ менаџмент.

Според тоа, со овој амандман сите обврски што ги има државата и се она што претставуваат стратешки интерес на државата на тој план, ние ги исполнуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Благој Ханџиски за објаснувањето на амандманот.

За збор се јави господинот пратеник Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, за жал, една наша надеж дека и СДСМ ќе го поддржи овој закон кој од едни се оценува како оптимален, од други како малку или повеќе лош, сепак на крајот изгледа дека и ваков каков што е не може да се поддржи, што сметам дека е штета за овој проект на закон, кој и така предизвикува доста недоумици кај самите Албанци што понатаму ќе предизвика и каква ќе биде конкретната имплементација на овој закон. За жал, сега конкретно од ова може да се види дека ставот на СДСМ не е изменет по ова прашање и сепак е далеку од тоа што Албанците го посакуваат или го оценуваат како сакано или оптимално решение за ова прашање. За жал, од нас како Албанци пратеници овде, па и од Албанскиот народ кој живее во Република Македонија, ваквите дискусии можат да се сфатат само на еден начин, односно дека согласно принципите кои владеат за решавање на прашањата на етничките промени во разните етнички средини или се применува политиката на тотална асимилација, која е позната во некои соседства или пак на апсолутно признавање на рамноправен статус и согласно на тоа решавање на овие прашања.

Вака како што го слушам ова, мене ми изгледа дека се заговара една политика на тивка асимилација, која апсолутно не е продуктивна во овој случај, затоа што и политиката на асимилација е легитимно право да се решава едно прашање, но во случаи кога еден етникум ја прифаќа таа политика. Албанците долго време покажуваат и докажуваат дека немаат намера да се асимилираат, немаат намера да се интегрираат до тој степен за да ги изгубат своите особености.

Затоа, мислам дека начинот на кој постапно ќе се решава ова прашање со целосно признавање на нивните права, почнувајќи пред се од образовните права за образование на сите нивоа на својот јазик, е начинот на кој ќе се гради тој соживот.

Се согласувам и јас со сите тие кои бараат начини за интеграција, бараат начини за соживот, но апсолутно не е соодветен начинот само Албанците да мора да го знаат службениот јазик и само тие да се интегрираат во општеството. Јас ве прашувам вас кога и Македонците ќе покажат интерес да бидат интегрирани со Албанците, односно да има некој амандман каде во високо образовните институции, во јавните, каде ќе се пријават поголем број на студенти Албанци, наставата да се изведува комбинирано, односно и на македонски и на албански јазик. Тогаш вашите јавни залагања за политика на интеграција и на соживот ќе имаат смисла. Вака како што ги изнесувате, мислам дека тотално се оди во погрешна насока и јас ве повикувам да ги повлечете овие амандмани и во најмала рака, овој лош, оптимален или минимален закон, кој овозможува една појдовна основа за уживање на правата за високо образование на албански јазик, односно на

јазиците на националностите, да може да се спроведе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мевљан Таири за учество во расправата.

За збор се јави повторно господинот Благој Ханџиски, веројатно за реплика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, почитуван колега Таири, би си дозволил дури во оваа прилика да ти се обратам и лично, што како примател на образовни услуги, што како давател на образовни услуги, јас сум повеќе од 45 години во образованието и многу добро знам и во поранешниот период и во сегашниот период какво е значењето на образованието за зачувувањето на етничкиот идентитет и за културните особености, какво е значењето за севкупниот развој и напредок на секоја држава.

Не туку така реков дека развиените држави на оваа дејност од посебен јавен интерес и даваат приоритет и даваат стратешко значење. Денес се поставува навистина многу сериозно прашање, дали се одлучуваме да живееме еден со друг, или да живееме еден покрај друг, дали се одлучуваме да градиме систем на образование, кој ќе дава барем толку квалитетни знаења колку што имаат другите земји во транзиција и кои ќе го трасираат патот нашите млади генерации, кои утре ќе ја водат и раководат оваа држава да се стекнат со знаењата, кои ќе можат да ги разменуваат на пошироки простори и од кои ќе може да се очекува прогрес на оваа држава и по кои, за тоа што тоа е една од линиите по кои може што побрзо да се интегрираме во Европа, еден ден ќе станеме интегрален дел од таа Европа.

Во цел свет денес се присутни тенденции кои ги видов на дело последните 7-8 дена, со тоа што учествував на меѓународна средба на која учествуваа поранешни премиери и поранешни и сегашни актуелни министри за надворешни работи, на која се дискутираше за иднината на обединета Европа, се дискутираше за идната генерација на обединети европски држави, за реформите на нивните институции и во ниеден момент прашањето на образованието не се симна од фокусот на таа расправа и не се запостави вистинското значење за севкупниот развој, како еден од главните економски фактори. Во сите тие дискусии, по незнам кој пат се покажа дека во сите тие држави се преоѓа не постепено туку многу брзо, од образование на службениот официјален јазик на секоја од тие држави членки на Европската унија, кон образование на еден или повеќе светски јазици, преку би или трилингвални високо образовни институции.

Според тоа, ако целиот свет, за да совладува што подобри знаења, заради тоа што еве податоците кои беа изнесени таму, денес во нај развиените земји во Европа, повеќе од 90% од бруто националниот доход се остварува од продавања на квалитетни знаења и услуги, кога во тие земји се гледа дека врвни квалитети во знаењата и услугите може да се остварат ако се оди на ваков начин во образованието, од своите официјални јазици кон образование на повеќе светски јазици и формирање на билингвални или трилингвални институции. Како ние сметаме дека ќе го подигнеме квалитетот на образованието, ако од официјалниот јазик, или ако и од официјалниот јазик и од јазиците на националностите во оваа држава, се враќаме назад и одиме на образование само на јазиците на националноста.

Како професор, мене ми е сосема јасно дека решението е тоа кое што го заговараме и дека тоа е од заеднички интерес апсолутно на сите граѓани на Република Македонија, независно од тоа дали припаѓаат на Македонскиот народ или на другите националности.

Вчера не можев да ја следам расправата, меѓутоа, видов во еден извештај на телевизиите, дека овде беше кажано со право дека основниот проблем не е само високото образование. Основниот проблем со образованието на националностите лежи и во проблемите што постојат во основното образование, а што се реперкусија на состојбите во високото образование, заради тоа што, зборувам за Албанците и за другите националности, навистина не обезбедивме во изминатиов период квалитетни наставници за да можат да имаат младите Албанци ист квалитет на образование, како што имаат на пример припадниците на Македонскиот народ.

Со овие решенија ние создаваме предуслови по исти стандарди, со ист квалитет прво да се образуваат наставниците и професорите за предучилишно, основно и средно образование и на таков начин да се подигне квалитетот и да можеме да создадеме услови на сите институции во државата, јавни или приватни, да може подеднакви услови да конкурираат да студираат, да се образуваат младите генерации, независно од тоа на кој

етникум или на која религија припаѓаат. Тоа се решенијата кои водат напред и во тие решенија апсолутно не можам да видам ни една точка, ниту во се што е правено досега во оваа држава, дека имало било каква замисла од било кој структури во државата за асимилација на било која националност, а најмалку на албанската. Албанската националност ниту може да се асимилира, ниту некој има намери да ја асимилира. Тоа што нудиме соживот треба да биде императив за сите нас. И ништо повеќе од тоа, чувствувам обврска да укажам, сметам дека се тие решенијата кои не водат по вистинскиот пат и од кој што добробит ќе имаат сите граѓани во државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Реплика има господинот Мевљан Таири, само ве молам придржете се да биде пет минути.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ова ќе ми биде последно реплицирање, затоа што немам намера повеќе да реплицирам и немам што да кажам повеќе од тоа што го кажав, но само ќе обрнам внимание дека навистина ова ќе биде еден мал чекор каде, Албанците ќе чувствуваат дека на некој начин стануваат порамноправни со оваа мала врата која им се отвара и дека на овој начин ќе почнеме да се интегрираме во општеството. Како необразовани, Албанците апсолутно не можат да се интегрираат и како не образовани се јавуваат проблеми и во основното и во средното образование. Ова е по неопходен чекор кој ќе овозможи Албанците да го направат тој исчекор и да бидат интегрирани, затоа што јас не подразбирам под интеграција само познавање на службениот јазик туку и редица други работи кои треба да се направат после ова што сега се прави.

Инаку, што се однесува до опасностите кои со овој закон, наводно, се појавуваат во Република Македонија, мислам дека во сосема спротивна насока ќе се одбиваат нештата, Албанците ќе се интегрираат, Република Македонија нема да се дезинтегрира на овој начин, а додека спротивното ќе доведе до нејзина дезинтеграција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мевљан Таири.

Повелете, господине Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине Таири, во амандманот се заговара настава на јазикот на националностите, а не исклучиво познавање на официјалниот јазик. Во амандманот ги има истите решенија како што се во другите членови, дека треба да се познава официјалниот јазик на државата, заради тоа без негово познавање не може да се интегрираат припадниците на националностите во институциите на државата.

Според тоа, апсолутно не станува збор за исклучување на правото на образование на мајчиниот јазик за овие три области, кои се заговараат во амандманот, а се нагласува потреба да се познава македонскиот јазик, заради тоа што треба да ја запазиме комуникативната компонента.

Едноставно, ако не се познава јазикот, не може да се комуницира и интегративната компонента, која покрај образовната мора да биде доминантна во оваа држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека вашата реплика е завршена.

Сега други бараат збор.

Збор побара господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, господине министер, дами и господа колеги, јас сметам дека членот 95, како и членот 198 секако побудуваат најмногу внимание кај нас пратениците.

Јас исто така можам да разберам па и да поддржам дел од амандманите, но сакам од ова место сериозно да укажам дека иднината на една земја не може да се врзува на ваков начин. Дали ќе дојде до нејзино дезинтегрирање, конкретно на Република Македонија, затоа што во високото образование кај приватните установи ќе може да се изучува, односно да се студира и на не македонски јазик, со два - три предмети кои би биле на македонскиот, тука не можам да се согласам до крај. Врзувачкото ткиво на општеството не се само високите школи. Ние мораме да обрнеме внимание на економијата, сервисите, услужните дејности, па и на начинот како луѓето меѓусебно општат во таа заедница.

Оттука, според мене, решението што го предлага Владата не е деликатно, не е ни спорно. За мене ниту она што се обидувате како пратеничка група да понудите, исто така нема деликатни содржини. Но, сакам да кажам дека сепак ова гледање на Владата е

одмерено, на многу места преработувано и усогласено и нема да дојде до дезинтегрирање на нашата заедница преку високото образование.

Второ, што мене многу ми пречеше во текот на целата расправа и во овој амандман се повтори, премногу се заканува, премногу се нагласува дека е можна црна иднина, дека е можно разединување или дека е можно кај нас да дојде до ситуации кои би биле погубни. Такво нешто нема да се случи и со прифаќањето на овој закон и со неговото не прифаќање. Државата е нешто покрупна и посериозна. И конечно, таа почива врз благослов. Тоа не е само волја на политичките сили, но политичките елити можат многу нешта да дадат, но можат и да и одземат на земјата.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (Продолжение)

Член 95, по мое видување, може да си остане вака, но нема да има никаков проблем, според мене и да биде видоизменет. Прашање е на тактизирање, а настрана од тоа ние како законодавен дом ќе го донесеме законот и онака подлежи се на преиспитување, како од Уставниот суд како прва инстанца до која ќе се обратат поединци или пак партии или групи. Но, исто така подлежи на преиспитување на самото време, животот што ќе каже. Конечно ќе има и други состави и други законодавци, тука па ќе се види што е издржано а што не е.

Јас не би сакал понатаму да должам околу ова. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Јордан Бошков.

Со оглед дека повеќе никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата и да преминеме на гласање.

За збор се јавува г-динот министер за образование, Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот кој ни е понуден од група пратеници на СДСМ се однесува на ставот 7 од членот 95. Тоа е ставот кој го уредува прашањето на приватните високо образовни институции. Вака како што е направен, јас морам да кажам дека жалам, бидејќи претставниците во рамките на Комисијата за образование и наука си го задржаа правото да не се изјаснат на Комисијата, барајќи време од уставно - правен аспект да го проучат прашањето и на пленарната седница да излезат со амандман. Амандманот е овој. Овој амандман е против уставен, а еве зошто: Противуставен е затоа што, има за цел да ја апсолвира идејата на г-динот Ван дер Штул, која сведува на еден Универзитетски кампус, кој во себе ќе вклучува три аспекти. Прво, менаџментот, второ државната администрација и трето произведување на наставен кадар.

Ве молам, ако вие сметате дека е уставно и дека тоа ќе издржи проверка пред Уставниот суд, само ако дозволите, во тој домен приватното образование да се одвива на мајчин јазик, јас мислам дека аргументи немате. Ние извлековме апстрактна норма која почива на членот 45 од Уставот на РМ, кој го уредува прашањето и можноста за основање на високо образовни институции и не се занимававме со конкретен случај. Случајот сакал да имаме ние една конкретна идеја која за почеток ќе биде потпомогната од Европа, да израсне една институција со тие три катедри или оддели и ништо повеќе. Така да ако вие сметате дека ова е уставно, тогаш немате право да забраните да израсне и друга и трета и петa и шеста високо образовна институција, во рамките на која што наставата ќе се изведува на јазиците на националностите. Тоа е што се однесува на вашиот амандман.

Јас уште еднаш со жалење ќе констатирам дека ние неколку денови овде расправаме, се закопавме во ровови на членот 95 и членот 198, но што можеме. Таква ни била судбината. Но, заслужува да се појаснат некои работи докрај, и за вас и за јавноста.

Членот 95 апсолвира неколку работи. Ја апсолвира наставата на високо образовните јавни установи, каде што се изведува на македонски јазик и тука е уставно решение кое почива на членот 48. До тука нема ништо спорно. Од тука натаму водено е сметка за делот на наставничкиот кадар, да се даде можност покрај наставата да се изведува на македонски јазик, да се изведува и на јазиците на националностите. Тоа е ставот два.

Ставот три води сметка за членот 48 ставот 1, 2, 3 во кој е уредено прашањето за негување на културниот, јазичниот и друг идентитет.

Се е тоа во рамките на Уставот. Ставот 4 го уредува прашањето, така да речам излегува од рамките на РМ и веќе сме на теренот на Европа и пошироко, даваме можност во рамките на високото образование одредени програми, одредени, така да речам делови, одредени предмети да се изведуваат и на светските јазици. До тука нема ништо спорно.

Целиот спор сега доаѓа во рамките на ставот 7. Што има во ставот 7? Го има следното:

Прво, апсолвирање на член 45 од Уставот на РМ, кој вели дека на ниво на високо образовни институции како основач може да се појави физичко и правно лице. Еве го овој член овде.

Понатаму во овој член вели дека условите под кои ќе се основа високо образовната институција се утврдуваат со закон. Еве го овој закон. Еден од условите е дека наставата може да се изведува и на јазиците на националностите, додаток кој вели македонскиот јазик се изучува и два наставни предмети, за кои јас овде на широко објаснував, а ги објаснував и на комисиите, гледам низ аспект на она што значи интегративна функција и можност за комуникација. Да не го сега шириме ова и повторно да го елаборираме.

Можеби останува прашањето не докрај покриено, затоа што гледам во расправата се провлекува, така да речам и се отвара проблем, имаме ли ние подлога во меѓународните акти? Имаме. Имаме преку членот 118 од Уставот на РМ, преку кој ратификуваните меѓународни акти стануваат дел од внатрешниот правен поредок. Преку членот 8 каде што се утврдени основите на уставно -правното уредување на РМ и се разбира, покрај ова, бидејќи, овој проект се работеше со меѓународни експерти, ние на маса ги ставивме сите релевантни меѓународни правни акти, кои го тангираат прашањето на високото образование и посебно правото на јазиците.

Дозволете да бидете изворно информирани.

Комисијата работеше многу сериозно. Конвенција на УНЕСКО против дискриминација на образованието усвоена на 14.XII.1960 година оваа конвенција е ратификувана. Бидејќи ние целокупното сојузно законодавство го прифативме како републичко, таа е ратификувана на сојузно ниво и видете што во неа пишува.

Вели: "Потребно е да им се признае правото на припадниците на националните малцинства да спроведуваат сопствени образовни активности, вклучувајќи го одржувањето на школите и да можат во зависност од образовната политика на секоја земја, да го употребуваат (подвлекувам натаму) или предаваат нивниот сопствен јазик".

Тоа е уредено со конвенцијата која ви ја спомнав. Оставено е сега на земјата натаму како тоа ќе го уреди. Членот 45, бидејќи вели условите се утврдуваат со закон, ние сега овде тоа го практицираме.

Понатаму, Декларација за правата на лицата припадници на националните, етничките, религиозните и лингвистичките малцинства, донесена од Генералното Собрание на ОН на 18.XII.1992 година.

Вели: "Државите ќе преземаат мерки онаму каде се бара за осигурување дека, лицата припадници на малцинствата можат целосно и ефективно да ги практикуваат сите нивни човекови права и фундаментални слободи без никаква дискриминација и во целосна рамноправност пред законот. Државите треба да преземаат соодветни мерки, така што онаму каде е можно лицата припадници на малцинствата да имаат еднакви можности, да го учат нивниот мајчин јази, (подвлекувам) или наставата на нивни мајчин јазик".

Понатаму Препорака 1201 од 1993 година, за дополнителен Протокол за правата на малцинствата кон Европската конвенција за човековите права донесена на 1.11.1993 година вели: "Секое лице припадник на национално малцинство, треба да има право да го учи својот мајчин јазик и да добива образование на својот мајчин јазик во соодветен број на училишта и на државните образовни, или институции за обука, лоцирани согласно географската дистрибуција на малцинството. Лицата припадници на националното малцинство, треба да имаат право да формираат и да ги раководат нивните сопствени училишта и образовни или институции за обука во рамките на законодавниот систем на државата".

Барцелонска Декларација, Универзална декларација за јазичните права од 1996 година, член 25 вели: "Сите јазични заедници имаат право на користење на сите човечки и материјални извори неопходни за да го обезбедат присуството, нивниот јазик до мерка до која тие сакаат на сите нивоа на образование на нивната територија, соодветно обучени наставници, соодветни наставни методи, учебници и т.н."

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине министре ако сакате малку пократко.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Еве ќе привршам.

Препорака на советот на Европа од 1998 година, вели: "Владите треба да се ангажираат во давање на фундаментална слобода во високото образование и да

формираат институции за таа цел. Таквите институции ќе бидат официјално поддржани од како тие ќе обезбедат задоволителен квалитет во работењето на недискриминаторски и фер основи и откако ќе ги покренува вистинските барања. Јазикот не треба да биде критериум за признавање на институциите и квалификациите".

Тоа се европски и светски документи, кои зборуваат за еден друг дух, за еден друг приод кога станува збор за образованието. Образованието, морам да кажам, е природно право на секој и оттука во рамките на уставно правниот поредок треба да се практикува.

Ние најдовме, реков една мирна средна линија каде го задоволивме и она што значи Устав на РМ и она што значи меѓународен стандард.

Оттука јас уште еднаш апелирам, дајте да се ослободиме од некои наши, така да речам предрасуди, кои имаат долга историја наназад и да отвориме нова страница која ќе биде посреќна за сите нас. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-ѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Нема ништо спорно во документацијата од меѓународен карактер, која што ја цитираше г-динот министер Галев.

Ние апсолутно ја подржуваме таа аргументација. Меѓутоа фактот што му беше потребен да ги цитира сите овие аргументи, го буди нашето внимание во следната насока. Зошто му се потребни тие аргументи кога не се спорни.

Министерот Галев исто така цитира еден член од Уставот, тоа е членот 45 кој по својата суштина никој не го оспорува и дозволете ми јас да го прочитам:

"Граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовани установи во сите степени на образованието, освен во основното образование".

Тоа е неспорно. Ние тоа го докажавме и со прифаќањето на оние делови од Законот за високото образование, каде што го поддржуваме основањето на приватни институции во сферата на високото образование. Тоа не е спорно.

Спорно е кога министерот Галев го цитира членот 45, како аргумент за употребата на јазиците на националностите во високото образование. Тоа е чист софизам или ако сакате замена на тези. Меѓутоа, препораката на министерот да се ослободиме од предрасуди, секако дека ја прифаќаме и го покажуваме тоа со широка поддршка на оние делови од законот, кои не се спорни.

Ние г.дине Галев не можеме да се ослободиме од дикцијата и императивот на Уставот. Бидејќи е тоа така, дозволете ми да ви прочитам делови од материјалот, што вашата Комисија и вие сте ги нарачале кај експерти по уставно право, мислења и толкувања на Уставните одредби за правата на припадниците на националностите за високо образование на својот јазик.

Во врска со Уставните одредби за правото на припадниците на националностите за образование, посебно за високо образование на својот јазик, се поставуваат различни прашања, постојат различни толкувања на соодветните Уставни одредби.

Прво, според едно гледиште наставата во сите образовни установи, државни, јавни и приватни, освен во случаите изричито предвидени во Уставот, треба да се изведува на службениот јазик на РМ, односно на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Според ова гледиште Уставот на РМ, не им го гарантира на припадниците на националностите правото на настава на својот јазик во високото образование. На припадниците на националностите им е гарантирано правото на настава на својот јазик само во основното и средното образование, на начин утврден со закон, не и во високото образование. Во прилог на ваквото толкување на овие уставни одредби се наведуваат следните аргументи.

а.) При донесувањето на Уставот, во Собранието на РМ била водена опстојна, а на моменти и остра расправа во врска со степенот на образование на нивниот јазик, што треба да им биде гарантирано на припадниците на националностите. Додека едни се залагале ова право да им биде гарантирано само на ниво на основно образование, за други во ова право требало да биде опфатено и високото образование. Како компромис било прифатено ова право да се однесува само на основното и средното образование, додека правото на настава на националностите, во високото образование било изоставено. Според тоа, со одредбите на став 4 од членот 48 не е утврдено правото на припадниците на националностите за настава на нивниот јазик во високото образование.

б) Независно од волјата на уставотворецот, самата содржина и смисла на одредбите на ставот 4 на членот 48 од Уставот, недвосмислено значат дека правото на настава на јазиците на националностите во високото образование изричито не е гарантирано.

Цитираните уставни одредби имаат рестриктивен карактер и нивната цел да го ограничат тоа право само на основното и средното образование. Ако не е таква нивната смисла немало потреба да се наведуваат основното и средното образование, а да се изостави високото образование.

Гледиште два.

Гледиштето според кое наставата во сите образовни установи, освен во случај изричито предвидени во Уставот, треба да се изведува на службениот јазик на Републиката. Од одделни автори се аргументира и со уставните одредби за службената употреба на јазиците на националностите. Според ова мислење Уставот предвидува можности покрај службениот македонски јазик, во службена употреба да бидат и јазиците на националностите, но само во единиците на локалната самоуправа во кои припадниците на националностите живеат како мнозинство, односно во значителен број член 7 став 2 и 3 од Уставот.

Од овие уставни одредби се извлекува заклучок дека, поради тоа што установите на високото образование не претставуваат единици на локална самоуправа, не постои уставна можност за употреба на јазиците на националностите во овие установи. Основниот недостаток на ова мислење е што не прави разлика помеѓу поимите единица на локалната самоуправа и установа на образованието, односно на високото образование. Припадниците имаат право на настава на својот јазик во одделен степен на образование независно од единиците на локалната самоуправа, односно Уставот не го гарантира правото на настава на јазиците на националностите во зависност на нивната процентуална застапеност во единиците на локалната самоуправа. Ова право припадниците на националностите го имаат независно од фактот дали тие живеат во единица на локална самоуправа, во кој претставуваат мнозинство или се во значителен број.

Правото на настава на јазиците на националностите е гарантирано со посебни уставни одредби и условувањето на нивната примена со одредбите на став 2 и 3 од членот 7 од Уставот е сосема погрешно и е последица на нестручно толкување на уставните одредби.

Почнувајќи од февруари 1997 година, односно со донесувањето на законот на јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" во Скопје, ригидното толкување на уставните одредби за правата на припадниците на националностите на настава на свој јазик во основното и средното образование делумно е ублажено.

Според ова толкување, право на припадниците на националностите за настава на свој јазик на основното и средното образование, го содржи и нивното право на јазикот на националностите да се образуваат и студентите, односно идните наставници што студираат на студентски групи за предучилишно воспитување и со одделенска настава, со образложение дека овие наставници не би можеле успешно и стручно да ја изведуваат својата наставничка должност, ако тие самите не би биле стручно оспособувани за настава на јазикот на соодветната националност.

Поради тоа, во членот 2 од цитираниот закон е предвидено на Педагошкиот факултет наставата по сите предмети предвидени во наставните планови и програми да се изведува на јазиците, освен по предметите што се однесуваат на македонскиот јазик, со култура на изразување и на историја, наставата да се изведува на јазиците на националностите.

Ваквото толкување на одредбите од став 4 на член 48 од Уставот е содржано и во решението на Уставниот суд на РМ од 7 мај 1997 год, со кое судот решил да не поведува постапка за оценување на уставноста на Законот за јазиците на кои се изведува наставува на Педагошкиот факултет во Скопје.

Судот смета дека уставна основа за донесување на оспорениот закон, претставуваат уставните гаранции за правото, на припадниците на националностите на образование на својот јазик во основното и средното образование.

Цитираното решение на Уставниот суд не содржи став според кој Уставот на одреден начин, по пат на толкување на неговите одредби дава можност за настава на јазиците на националностите во сите области на високото образование. Повторувам во сите области на високото образование. Неговото толкување се однесува само на правото на припадниците на националностите на настава на својот

јазик во основното и средното образование. Во цитираното решение на Уставниот суд ова гледиште е изричито потврдено. Во него дословно е речено: Според мислењето на судот тоа не значи воспоставување право на припадниците на националностите на високо образование на нивниот јазик, односно проширување на уставно гарантираните права, туку остварување на уставната гаранција за правото на настава на својот јазик во основното и средното образование.

Постојат и мислења според кои, правото на припадниците на националностите на настава на својот јазик во високото образование има основа во одредбите на постојниот Устав. Овие мислења иако немаат непосредна подлога во постојните уставни одредби, се образлагаат на различни начини.

а) Некои ова право го изведуваат под уставната одредба, според која во РМ е слободно се што со Уставот не е забрането. Тоа е став 2 од член 8.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (Продолжение)

Според поддржниците на ова мислење во текстот на Уставот, никаде не е определено дека е забрането правото на припадниците на националностите да имаат високо образовни установи со настава на свој јазик. Во врска со ова мислење спорно е толкувањето на уставната одредба, со која на припадниците на националностите им се гарантира право на настава на свој јазик во основното и средното образование став 4 член 48. Оваа Уставна одредба не значи гарантирање на право на основното и средното образование, допуштање на можности за такво право во високото образование. Уставот го гарантира ова право конкретно и прецизно во определен обем и со цел да го ограничи ова право во поширок обем, т.е. да не допушти вакво право во доменот на високото образование. Оваа ограничувачка одредба има значење на забрана, иако не е употребен глаголот "се забранува". Во овој случај не би можело да биде применето уставното начело, според кое во РМ е слободно се што со Уставот и законот не е забрането, затоа во смисла и содржина на ставот 4 на членот 48 од Уставот наставата е забранета на јазикот на националноста во доменот на високото образование.

б) Според други правото на наставата на јазиците на националностите се изведува од уставното право на припадниците на националностите слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености и од уставната гаранција за заштита на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите. Според Уставот, припадниците на националностите заради изразување, негување и развивање на својот идентитет имаат право да основаат културни и уметнички институции, како и научни и други здруженија.

Според ова мислење правото на настава на својот јазик и во доменот на високото образование е содржано во правото на основаше културни и уметнички институции, како и на научни и други здруженија. Неговата слабост е што не води сметка дека правото на образование на јазиците на националностите е посебно уредено во став 4 на член 48 од Уставот.

Второ, за овие цели припадниците на националностите имаат право да основаат културни и уметнички институции и научни и други здруженија. Образовните установи не се здруженија, а во нашиот јазик не се опфаќаат со поимите културни и уметнички институции.

в) Иако доста изолирано постои мислење според кое правото на настава на јазикот на националностите во доменот на високото образование, може да се изведе од содржината на втората реченица во ставот 4 на член 48 од Уставот, во која е определено дека цитирам "во училиштата во кои образованието се одвива на јазикот на националноста се изучува и македонскиот јазик". Според ова мислење во оваа уставна формулација се говори воопшто за училишта во образованието, каде што се одвива јазикот на националноста, а не за училишта во основното и средното образование. Зборот "училишта" според ова мислење се однесува на сите училишта, односно на училиштата од сите степени на образование, па според тоа и на високо образовните установи.

Најголемата слабост на ова мислење е што оваа уставна формулација ја толкува независно од претходната реченица. Всушност, таа претставува единствена целина со претходната. Гарантирајќи го правото на припадниците на националностите на настава на свој јазик во основното и средното образование, во втората реченица Уставот определува дека во овие училишта во основното и средното во кои образованието се одвива на јазикот на националноста се изучува и македонскиот јазик.

г) Во исто време треба да се укаже дека при образлагањето на мислењето според кое правото на припадниците на националностите на настава на својот јазик

во високото образование има основа во уставните одредби, често како уставна основа се наведуваат истовремено, заедно или сите три или две однапред споменатите образложенија при што се додаваат и принципот на граѓанска, односно на национална рамноправност, како и принципот на еднаквост на граѓаните во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, како и правото на сите граѓани под еднакви услови. Сосема е очигледно дека овие општи уставни принципи и права не произлегува посебно право на припадниците на националностите на настава на својот јазик во високото образование.

Реков уште половина страница, ве молам да се воздржите од коментари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

**Ве молам**, малку порационално. Побргу ако може прочитајте го тоа.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Ова е најбрзото темпо што можам да го постигнам.

5. Постои мислење според кое изведувањето на наставата на службениот јазик во РМ е уставна обврска само за јавните, државните, но не и за приватните образовни установи. За јазикот на кој се изведува наставата во приватните високо образовни установи решава, има право да решава нивниот основач. Државата со закон или друг пропис не може да го пропишува наставниот јазик во овие установи.

Варијанта на овие гледишта е дека државата, пропишувајќи ги со закон условите под кои граѓаните, па според тоа и припадниците на националностите, имаат право да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието освен во основното, би можела да пропишува во кои случаи и во каков обем во овие установи задолжително би се изведувала настава и на службениот македонски јазик.

Во овој случај спорно е што се подразбира под формулацијата "услови" под кои можат да се основаат приватни образовни установи поточно дали под оваа формулација може да се поведе и јазикот на кој се изведува наставата.

6. Најпосле, треба да се укаже и на едно мислење според кое, тешко може во постојните уставни одредби да се најде несомнен уставен основ за конципирање на право на припадниците на националностите на настава на својот јазик во високото образование со поширока содржина или значење од она што е содржано во напред цитираното решение на Уставниот суд кое се однесува на наставата на студиските групи за предучилишно воспитување и за одделенска настава на Педагошкиот факултет.

Според тоа, ако се сака да се создаде уставна и законска основа за настава на јазиците на националностите во доменот на високото образование, потребна е измена на став 4 на член 48 од Уставот во смисла да се укине ограничувањето на ова право само на основното и средното образование и да се замени со одредба со која изречно се утврдува право на припадниците на националностите на настава на својот јазик во сите системи на образование.

Сакав да ви укажам дека овој текст требаше повнимателно да се прочита и проучи и оттаму да се црпе аргументацијата за она што сакавте вие да го кажете во врска со ставот 7 на членот 45 без притоа да се потпирате исклучиво на меѓународни договори кои се ратификувани од кои, како што веќе реков на почетокот и сакав да повторам само еден нормативно ја обврзува РМ, а тоа е Рамковната конвенција. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги молам сите пратеници да влезат во салата, бидејќи немаме кворум.

Очигледно немаме кворум. Во рок од 2-3 минути да влезат во салата, да пристапиме кон гласање, ако веќе се тука, ако не се тука ќе морам да ја прекинам седницата, затоа што навистина (дофрлување од страна на пратениците дека била интересна дискусијата).

Добро сега, колку беше интересно тоа е веќе за проценка, ги молам сите пратеници да влезат во салата. (Пратениците влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

13 пратеници гласаа за, 5 воздржани и 47 против.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 95 за менување на став 7, поднесен од пратениците Илинка Митрева, Радмила Шеќеринска, Тито Петковски, Никола Поповски и Благој Ханџиски.

Отворам претрес по амандманот на член 97 став 2 и 3, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Се прифаќа само ставот 3, а ставот 2 е веќе апсолвиран во амандман од Комисијата за образование и наука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи го прифаќате само ставот 3.

Отворам расправа по амандманот на член 97 став 2.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме, само за став 2.

Ве молам само 60 пратеници гласале, дајте малку сериозно повторно го ставам на гласање.

Ве молам вклучете го системот за гласање и внесете малку сериозност да гласаме по овој амандман.

Ќе ги броиме поединечно ако треба.

Ќе ги молам пратениците 68 картици се тука, а гласаа само 59.

Ќе ве молам ќе одиме на поединечно гласање, па ако сакате да се малтретираме поединечно, тогаш во ред, дајте малку господа пратеници, гласаме. Ова не оди веќе вака.

Ќе ја прекинам седницата и ќе ве терам и утре да работиме. Па влезете внатре во салата да гласаме.

Ве молам уште еднаш да гласаме. Срамота е веќе.

Четири пратеници гласаа за, 8 воздржани и 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 97 став 2 и 3, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Ве молам 15 минути останете во салата, не излегувајте.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 3, поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу и т.н.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се прифаќа.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Пратеници на место, немојте да шетате барем сега.

Четири пратеници гласаа за, 6 воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 98 став 3, поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 1 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Биљали, Азиз Положани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се прифаќа.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Пет пратеници гласаа за, 7 воздржани и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 102 став 1, поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 103 став 4, поднесен од пратениците Љупчо Анушев, Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 104 став 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се прифаќа.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Еден пратеник гласал за, 8 воздржани и 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 104 став 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 110 став 3, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Пет пратеници гласаа за, 6 воздржани и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 110 став 3, поднесен од пратениците Сејфедин Харуни и Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот на член 119 став 1, поднесен од пратениците Илија Пранговски, Томислав Петровски, Златко Стојменов, Азис Положани, Кастриот Хаџиреџа, Диспина Марковска, Марика Јорданова, Ѓулистана Марковска, Љупче Ристевски, Трајко Гешоски, Никола Јованов, Звонко Мирчевски, Ненад Ристевски и Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа, меѓутоа, подносителите бараат да кажам два збора.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не го прифаќате. Добро.

Дали некој бара збор?

Пратеникот Илија Пранговски побара збор.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Господине претседателе во врска со овој поднесен амандман како еден од подносителите на амандманот и по констатацијата и барањето на министерот да се произнесеме во врска со амандманот, јас сум само еден од потписниците на тој амандман, меѓутоа, во оваа ситуација јас ќе го образложам зошто е поднесен овој амандман.

Имено, во изминатиот период до донесувањето на сегашниот Закон за високо образование во областа на можноста за добивање на специјализација, пардон, на постдипломски студии од гранката медицина, беше предвидена во стариот Закон за насочено - образование можност и медицинари, односно лица стоматолози и фармацевти, лица кои се од професијата медицина со завршена специјализација и со објавени три интегрални трудови во меѓународни публикации да можат да конкурираат и да поднесат барање да влезат во процедура за одбрана на докторска дисертација од одредена област со која тие се занимаваат.

Бидејќи во сегашниот Предлог - закон таа можност на некој начин е до регулирана, односно воспоставена во една друга функција претходно и покрај тоа што подносителите на тие барања за постдипломски студии од областа на медицината имаат завршено специјализација треба да имаат завршено, односно одбрането магистерски труд.

Од тие причини и покрај тоа што мојата основна професија е медицината, чувствувам потреба да образложам, зошто е поднесен овој амандман. Поднесен е од неколку причини.

Првата причина е и основна тоа што според Законот за високо образование, рангот специјализација и рангот магистериум е во иста група VII.2, со тоа што едниот ранг е според суштества, а другиот е според научниот труд.

Специјализацијата од соодветната област трае најмалку 4 години, а во некои области и повеќе. Завршува со јавно полагање на устен, специјалистички испит, што му дава тежина не само на стручен, туку и на научен дострел во доменот на образованието.

Предлогот беше и од еден друг аспект да се овозможи можност да се избегне монополизирањето на доделувањето на докторски дисертации, исклучиво преку таа функција на научна дејност, а од друга страна сметавме дека ќе се стимулира и научната дејност не само во еден дел на територијата на РМ, туку и по целата територија на РМ и се даваат потенцијални можности за развој на соодветен кадар од соодветни области и пошироко во државата, а што е во согласност со новата национална стратегија за здравство во сегментот на врвната здравствена заштита.

Независно што амандманот Министерството не го прифати, односно министерот уште еднаш би апелирал до

пратениците априори да не се одбива овој амандман, бидејќи во системот на добивање на можност за кандидирање за постдипломски студии не се нарушува значајно ништо, а на друг начин се овозможува на луѓе кои не се голема бројка воопшто во Македонија кои сакаат да се занимаваат со научна дејност, а не се вклучени во тој непосреден систем на научна дејност, бидејќи по природат на работата не се тука да можат да се занимаваат со оваа дејност.

Од тие аспекти уште еднаш би апелирал покрај присутната нервоза да се земе во предвид, бидејќи на крајот на краиштата одбраната, изготвувањето на докторската дисертација не е привилегија, туку работа која треба да се одработи во еден хронолошки временски период од 3 до 5 години и воопшто не би требало луѓето да бидат лимитирани на овој начин и да им биде оневозможено.

Благодарам за вниманието и би ги замолил пратениците уште еднаш да го поддржат овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме двајца дискутанти. Тоа се Јордан Бошков и Данило Глигоровски.

Г-динот Јордан Бошков има збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам. Со овој амандман, ценети колеги и колешки, се создава посебен канал барем за една струка или за имателите на посебни квалификации во еден дел од нашата популација со диплома, да се овозможи носење на титула магистар.

Сметам, спротивно на пристапот што го имаме и во законот, дека е потребно да се преиспитаат воопшто називите што се стекнуваат со завршување на студиите. Дали исклучиво ќе имаме и во иднина, на пример, дипломирани инжињери и дипломирани јуристи, правници, економисти, а исто така сметам дека ќе може да се преиспита начинот на давање титула од повисок степен. Во доменот на здравството, ако зборуваме кај докторите, кај лекарите, бидејќи специјализацијата е минимум три години, ако не и подолго, било која магистратура или магистратурски студии, колку мене ми е познато се до три години и завршуваат најчесто со еден труд што е потребно да претставува посебно достигање во науката, барем во таа област. Единствено во овој домен јас гледам мала колизија, бидејќи научна титула се дава за работа, а не за научно достигање. Независно од тоа, јас сакам да го подржам овој пристап што подносителите на амандманот го заговараат.

Треба да имаме на ум дека повеќето специјализации се над три години или четири години или пет години. Секогаш се поврзани во праксата, во текот на работењето со живот на пациенти.

Оттука убаво е, ако законот биде проширен во овој дел... (Реакции од пратениците).

Јас се извинувам на сите колеги и колешки на кои можеби ова им е досадно, се извинувам и за тоа што можеби не сум јас умешен говорник, но редно е, штом веќе се седи во Собранието, да се биде и тивок. Ако сакате јас да не земам збор по овој амандман, тоа многу полесно ќе го постигнете со мир.

Давам поддршка, сметајќи дека не е доволно само за лицата кои завршиле медицински студии ова да биде овозможено. Напротив, и во други дејности, лица кои имаат зад себе сериозно остварување во струката, нека тоа биде специјализирање во меѓународни институции или банки, или исто така ќе може да биде доградено. Важно е ние сега овој Рубикон да го преминеме и на тој начин да отвориме една порта повеќе. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-динот пратеник Данило Глигоровски, ама кратко ќе ве молам.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас нема да го подржам овој амандман и би сакал накратко да образложам зошто нема да го подржам. (Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, господа пратеници.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Постои опасност, доколку се усвои овој амандман... (Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да го слушнеме, ќе ве молам.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Доколку се усвои овој амандман... (Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сака да каже зошто не го подржува.

Досега слушавме зошто го поддржуваат.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Двајца пратеници го подржаа, би сакал да ме сослушате зошто јас нема да го подржам амандманот.

Доколку се усвои овој амандман постои опасност од она што вчера го говорев, да се случи инфлација на наставнички односно академски, поточно докторски звања. Луѓе кои не одбраниле магистерски труд да пријават одбрана или да пријават докторски студии или докторска дисертација.

Такво нешто мислам дека е, навистина, девалвација и несериозност, доколку се усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас незнам дали сите лекари ќе ги слушаме сега да ни објаснуваат зошто.

Па, напишаа зошто. Сега се јавуваат по ред лекарите. Ќе ги ислушаме сите.

Еве, г-динот Стојан Ковачевски се јави. Повелете.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Го користам деловничкото право да кажам дека ќе го подржам овој амандман од причини што сметам дека одбивањето на амандманот значи негација на долгогодишното и стручно и научно искуство и придонес во медицинската наука на повеќе генерации, кои што апсолутно го дале својот удел во заштитата, во здравствената заштита години station наназад, кога имаше и дефицитарен кадар.

Затоа сметам дека е голема неправда ако специјалистите, ако им се оспори правото да пријават и да бранат докторат, со тоа даваат и придонес кон науката со своите знаења и своето стручно и научно искуство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па добро, кажавте вие г-дине Пранговски. Повторно ли?

Да не учествуваме во расправата, да не го одолжуваме времето.

Разбравме во што е проблемот. Повелете г-дине Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ.**

Само една мала реплика на г-динот Данило Глигоровски, нема основа за сомневање. Јас го почитувам и го респектирам ставот и мислењето од негова страна, меѓутоа аргументирано и одговорно тврдам од оваа говорница дека нема никаква основа за сомневање за евентуална инфлација и наплив на кадар, кој би ги преплавил факултетите и Универзитетите.

Бидејќи се работи, првенствено за луѓе кои се вработени и со долг стаж и кои имаат докажана научна дејност, а кои живеат на периферијата на РМ, не во градот Скопје, кои се на број многу малку, преескa напомнав дека сепак изготвувањето и одбраната на докторска дисертација, е работа што треба да се направи и од работа, а не да се помине низ некој си систем, во процедура.

Молам уште еднаш целиот состав, нај одговорно да го земат предвид, да не ја исклучуваат можноста за 5-10-20 луѓе овој амандман да не се усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој повеќе не се јавува за збор...

Се извинувам, г-гица Шеќеринска побара збор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Се извинувам претседателе, погрешно сум ја ставила картичката затоа ме немаше на екранот на пријавени дискутанти.

Би сакала да предложам, со цел да излеземе од оваа дискусија во која што едните тврдат дека тоа ќе биде погрешно, другите велат дека ќе биде полезно, секој имаме свои аргументи, некои имаат и професионална поврзаност со она што го зборува овој член, според она што јас досега го знам, во секоја земја, барем од оние нешта што сум ги прочитала, постои разлика помеѓу научно усовршување и помеѓу специјализирачко, стручно усовршување.

Меѓутоа, да не тврдиме дека секој знае најдобро, претпоставувам дека во Министерството за образование имаат направено одредени споредби од каде произлегува нивниот став да се определат за вакво решение, меѓутоа сепак би ме интересирало, доколку можат, со таква некоја аргументација да помогнат во одлуката како да гласаме за овој амандман. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И не мора да се јави министерот во целата оваа работа, ако моментално, нема, а во писмена форма да не и известите. Тоа може да биде во писмена форма.

Тогаш го заклучувам претресот, бидејќи не чувствува потреба и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

39 пратеници гласаа за, 5 воздржани, а 32 против.

Според тоа, констатирам дека амандманот...

(Реакции од страна на пратениците во смисла на барање за поединечно изјаснување).

Бидејќи има сомневање во гласањето, молам дали има поддршка од 10 пратеници, за поединечно гласање? (Пратеници креваат рака).

Констатирам дека преминуваме на поединечно гласање.

(Во отсуство на претседателот, со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на РМ, г-динот Томислав Стојановски).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да пристапиме на поединечно гласање.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

1. Јонуз Абдулаи - за
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - не е тука
5. Стојан Андов - отсутен
6. Кирил Андоновски - воздржан
7. Љупчо Анушев - за
8. Амди Бајрам - за
9. Фадил Бајрами - за
10. Димитар Баткоски - отсутен
11. Мерсел Биљали - отсутен
12. Валентина Божиновска - воздржана
13. Јордан Бошков - за
14. Димитар Бузлевски - отсутен
15. Абдулади Вејсели - отсутен
16. Слободан Гарчески - против
17. Васил Гаџовски - отсутен
18. Михајло Георгиевски - за
19. Трајко Гешоски - за
20. Александар Гештаковски - не е тука
21. Данило Глигороски - против
22. Петар Гошев - отсутен
23. Слободан Даневски - воздржан
24. Замир Дика - воздржан
25. Ванчо Ѓоргиев - не е тука
26. Илија Ѓоргиев - отсутен
27. Фатмир Етеми - за
28. Васил Ефтимов - за
29. Насер Зибери - отсутен
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
31. Мирко Иванов - за
32. Илија Илоски - отсутен
33. Делче Ицков - против
34. Никола Јованов - за
35. Весна Јовановска - против
36. Марика Јорданова - за
37. Назми Кадриу - против
38. Радомир Карангелески - отсутен
39. Жарко Караџоски - против
40. Митко Киров - за
41. Лазар Китаноски - против
42. Саво Климовски - отсутен
43. Стојан Ковачески - за
44. Ѓорѓи Котевски - против
45. Чедомир Краљевски - воздржан
46. Илија Лазаров - против
47. Горанчо Лазов - против
48. Алириза Лога - за
49. Билал Љутфии - против
50. Васе Манчев - против
51. Наталија Марковиќ – Димова - за
52. Ѓулистана Марковска - за
53. Диспина Марковска - за
54. Звонко Мирчески - отсутен
55. Драган Митевски - не е тука
56. Илинка Митрева - не е тука
57. Кирил Настески - не е тука
58. Рубенс Наумовски - за
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - за
61. Александар Пандов - против
62. Ванчо Панчев - против
63. Илија Пемов - воздржан
64. Тито Петковски - воздржан
65. Чедо Петров - не е тука
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - отсутен
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - отсутен
71. Никола Поповски - воздржан
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - отсутен
74. Љупче Ристески - за
75. Ненад Ристовски - отсутен
76. Нано Ружин - отсутен
77. Илјаз Сабриу - отсутен
78. Аце Сајкоски - за
79. Аслан Селмани - отсутен
80. Борче Сибиновски - против
81. Вангел Симев - за
82. Ристо Спанаков - за
83. Крале Спанчевски - против
84. Ѓорги Спасов - отсутен

85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - против
87. Томислав Стојановски - против
88. Воислав Стојаноски - не е тука
89. Благој Стојковски - за
90. Златко Стојменов - не е тука
91. Владо Сугаревски - против
92. Оломан Сулејмани - отсутен
93. Ризван Сулејмани - отсутен
94. Мухамед Таири - против
95. Александар Талевски - против
96. Мевљан Тахири - отсутен
97. Митко Тилевски - не е тука
98. Ѓорѓи Тодоров - не е тука
99. Ристо Тодоров - не е тука
100. Павле Тодоровски - за
101. Панде Томов - против
102. Коце Трајаноски - за
103. Горанчо Трајков - за
104. Танас Трајковски - не е тука
105. Александар Трпевски - воздржан
106. Борислав Трповски - не е тука
107. Слободан Ќосев - воздржан
108. Илија Филиповски - против
109. Александар Флоровски - воздржан
110. Илјаз Халими - не е тука
111. Благој Ханџиски - против
112. Сејфедин Харуни - отсутен
113. Кастриот Хаџиреџа - отсутен
114. Бранко Црвенковски - отсутен
115. Миланчо Черкезов - отсутен
116. Ванчо Чифлиганец - не е тука
117. Арбен Џафери - не е тука
118. Хисни Шаќири - за
119. Шахиќ Алија - не е тука
120. Радмила Шеќеринска - не е тука

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете да соопштам.

Вкупно гласале 68 пратеници од кои предлогот на амандманот го поддржале 32, против 25 и 11 воздржани.

Констатирам дека не поминал, амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 128 за менување на став 1 поднесен од пратениците Насер Зибер, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Билали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

Го повикувам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника од кои за амандманот 3, воздржани 5 и 46 пратеници се против. (Реагирање на пратениците во салата).

Дозволете една работа колеги. Веројатно тука се разликуваме со претседателот. Стојан цврсто на уставната одредба. Присутни се 65 пратеника и овој амандман не помина. (Реагирање на пратениците).

Дозволете, колеги пратеници уставот е јасен.

Мнозинство од присутни, а не што гласале.

Да се добие поддршка треба 40 гласа.

Според тоа амандманот нема поддршка, бидејќи 65 пратеника сме присутни. Дали некој гласал, или не... (Реакција на пратениците).

Да го повториме гласањето уште еднаш. Молам да гласаме.

Дозволете, ние имаме кворум, вие не гласавте.

Овде покажува дека има 65. Никој со сила не може да ве натера да гласате.

Амандманот треба да има поддршка, а не кој гласал кој не гласал.

Амандманот треба да има над 40, ако не е над 40 се зема другиот број.

Господинот Александар Гештаковски бара збор процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе вие тврдите уставот е јасен, и точно е тоа кој го чита и како го чита. Меѓу претседателот на Собранието и потпретседателот на Собранието различно се чита и различно се толкува. Тоа не е дозволено. Дајте пауза, одете со претседателот договорете и да продолжиме да работиме. Или викнете го претседателот па договорете се. Не е дозволиво во ист Парламент станува претседателот на Собранието, седнува потпретседателот. Ве молам службите нека ги вадат картиците, нека проверуваат, тоа е

во ред, но вашето толкување кое тврдите не е дозволиво.

Мора да го расчистиме, ова е уставно прашање, затоа што не е само за овој Парламент, не е за претходните Парламенти туку и за идните Парламенти. Вака вашето толкување можете да го држите за вас, но Парламентот мора да изгради мислење и покренете постапка на Уставен суд вие, па вашето мислење нека се потврди. Тоа е решението, инаку вака не можеме да продолжиме да работиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали ќе го толкуваме, ќе го прочитаме.

"Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број пратеници.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници".

Значи, тоа е минимумот со кој треба да се гласа, ако со Уставот не е определено посебно мнозинство".

Гласале што се присутни и господине Гештаковски ако се сеќавате на ваше место седеше пратеник Илија од првото Собрание па ви направи кворум за 61 кога се гласаше, ако немаше да гласате.

Констатирам дека овој амандман не е прифатен.

Господинот Гештаковски повторно бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, законот е важен и битен. Го донесувате во прашање целокупниот Закон за високо образование со ваквото усвојување и одбивање. Никој Уставот во овој Парламент не може да го толкува. Ниту вие можете да го толкувате. Секој е должен да го спроведува. Дајте да прегласаме, што е воспоставена пракса, јас би ве замолил да работиме како што работи и претседателот и како што сите сме прифатиле. Вие со претседателот уште еднаш ве повикувам да се усогласите. Еден мора да биде во право, а за тоа ќе пресече Уставниот суд. Пак ви велам, покренете иницијатива да го покренеме ова прашање. Не е место Парламентот, каде што носиме важни и битни закони да ги доведуваме во состојба на извршување кај сите други граѓани. Ако ние не можеме за една ваква јасна норма да се договориме немојте да бараме од другите граѓани да ги почитуваат законите и спроведување на Уставот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Гештаковски, само ќе ви одговорам.

Уставниот суд не дава толкување за примена на ова. Он оценува дали е или не е применет. А, практиката не може да го замени Уставот. Сто пати реков - ние не сме англосаксонци. Ние имаме Устав како ќе работиме со присутен број, а не од оние што гласале. Се бара минимум долниот дел 40 пратеника. Ако нема 40 нема поддршка, не е битно дали другите гласале или не.

Ве молам, да не стои при ова приговор, службите и физички да го проверат присуството на пратениците.

63 пратеника се присутни во салата.

Да гласаме уште еднаш, но ова нема да го допуштам повторно.

Вкупно гласале 64 пратеника од кои 2 за, 8 воздржани и 54 против.

Констатирам дека овој амандман не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 130 став 2, поднесен од пратениците Никола Јованов и Трајко Гешовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 135 поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 140 став 3, поднесен до пратениците Никола Јованов и Трајко Гешоски.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 142 за додавање нов став 6, по ставот 5, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 153 поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Го повлекувам амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 154 поднесен од Комисијата за меѓунационални односи и од пратеникот Илинка Митрева.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес. Молам, кој бара збор.

Има збор госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Потпретседателе, овој амандман има за цел во делот каде што допушта продолжување на работниот однос на професорите во согласност со она што би го донесол како одлука наставно - научниот совет, значи преку нивното останување само за една година се обезбедува континуитет во наставата во сите три степени до дипломски, после дипломски и евентуално докторски студии, додека не се обезбеди соодветно кадровско заменување на пензионираните професори.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Ве молам колеги пратеници, ова не е чесно и ако се измисли варијантата да правиме опструкција за работата на Собранието со не притискање на копчето, не е чесно.

Гласаа 58 пратеници. Затоа говорам има повеќе присутни, а гласале 58 пратеници.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници во салата.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Вие зборувате за опструкции на овој Парламент.

Земете го листингот, проверете, па тогаш ќе зборувате.

Во име на пратеничката група наша јас тврдам дека гласале.

Ако имате во вашата пратеничка група, или во позицијата, тоа е нешто друго.

Побарајте го листингот и проверете и ве молам такви паушални оценки да не искажувате од говорницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Гештаковски, ова не беше на вас упатено, туку на оние кои прават опструкција.

Во салата се присутни 65 пратеници, констатирам дека амандманот не е прифатен. Ве молам да гласаме уште еднаш.

Вкупно гласаа 63 пратеници, 8 за, 4 воздржани и 51 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 154, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Амандманот се предлага со цел да се обезбеди континуитет на започнатите студии и проекти кои се изведуваат во високо стручните и научни институции во земјата.

Станува збор за исклучок, за само една година за врвни стручњаци за кои поединечно ќе решава наставно - научниот совет, како највисок орган на факултетот, односно на институцијата.

Ваквиот исклучок би важел само за двата универзитета во Република Македонија. Предложеното решение не отстапува од концептот на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници од кои за 18, воздржани 9 и 43 против.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 184 за менување на став 1, поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Абдурахман Алити, Абдула Алиу, Сејфедин Харуни, Абдулади Вејсели, Ризван Сулејмани, Мерсел Биљали, Азис Положани и Оломан Сулејмани.

За ова нема став Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по поднесениот амандман.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, истиот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници од кои 8 за, 7 воздржани и 50 против.

Констатирам дека амандманот не се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 184 став 1 поднесен од пратениците Абдула Алиу, Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по предложениот амандман.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, од кои 9 за, 7 воздржани и 48 против.

Констатирам дека и овој амандман не се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 198 со насловот, поднесен од пратениците Илинка Митрева, Тито Петковски, Никола Поповски, Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Илија Филиповски, Ванчо Чифлиганец и Кирил Настевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по поднесениот амандман.

За збор се јави господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседател, господине министер, почитувани колеги, имате образложение сосема кратко во нашиот амандман. Јас во општиот претрес дадов многу поширока елаборација. Во оваа пригода ќе кажам само три аргументи.

Основната причина за поднесувањето на амандманот е што токму овој закон не познава форма на граѓанска иницијатива за остварување на високо образовна дејност. И според тоа, сметаме ако сакате и од чисто правно технички, од номо технички аспект местото на овој член не може да биде во преодните и завршните одредби, ако во нормативниот дел апсолутно не го третира прашањето на формирањето на високо образовни институции со форма на граѓанска иницијатива. Тоа стои и во член 199, каде што никаде не се говори дали некој пропис пред тоа ја разработувал уставната можност за формирањето на граѓанските иницијативи.

Втората причина е што практично на мала врата се признава пара Универзитетот, во овој случај единствен пара Универзитет во државата е тетовскиот. Друг во Македонија не постои.

И третата основна причина е што со овој амандман практично се ставаат во нерамноправна положба, студентите кои што студираат на легалните институции во Република Македонија со оние кои што студираат на пара Универзитетот, бидејќи со проверка на знаењето се стекнуваат со право да го продолжат школувањето на соодветна високо школска институција од пара Универзитетот, што практично ги става во нерамноправна положба студентите од двата легални Универзитети во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на подносителот на предлогот, господинот Тито Петковски.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас бидејќи немав прилика да зборувам во општата расправа, меѓутоа можеби би дискутирал повеќе пред да се усвои законот. Министерот Галев се задржа на компарацијата меѓу состојбата која беше со учениците од Радолишта и Длабкин Дол

со онаа на Мала Речица како аргументација. Впрочем тоа е познато во оваа Влада дека се што ќе искомплицира го споредува со претходната Влада. Но, содржината на овие два случаи се апсолутно различни. Во случајот на Радолишта и Длабкин Дол се работеше за малолетници, малолетни лица кои под присила на своите родители.

Господине претседателе, господин министер, драги колеги, ќе се задржам само околу ова прашање, околу овој амандман.

Министерот Гале Галев во аргументацијата која ја кажа зошто е потребно практично да се признае наводното школување на студентите во Мала Речица, се повика на еден случај со ученици од Радолишта и Длабкин Дол, што е вообичаено за оваа Влада, а секогаш кога ќе искомплицира нешто, или сака да се извади од определена ситуација, се повикува на тоа како работела претходната Влада. Често пати тоа се прави на еден многу формален начин без да се види какви биле содржините и ситуациите тогаш и сега. А во конкретниот случај се работи за ученици во Радолишта и Длабкин Дол, кои се малолетни лица, кои биле принудени од своите родители да не се запишуваат и да учат во редовниот образовен систем, туку биле организирани во некакви неформални наставни облици со програма од друга држава. Додека во случајот на Мала Речица се работи за полнолетни лица, кои требале да бидат свесни за последиците од нивното наводно школување во институција, или во организација најопшто речено која е вон образовниот систем на Република Македонија. Во случајот со Радолишта и Длабкин Дол навистина Владата направи отстапка, меѓутоа затоа што се работеше за малолетни лица кои немаат деловна способност, кои биле принудени од своите родители, заради нивниот авторитет да го избегнат редовното школување и да се запишуваат во некакви училишта. Така што овде се работи за сосема различна ситуација. Јас и денеска тврдам дека идејата за создавање на таканаречен Универзитет во Мала Речица е една политичка опција за притисок кој има пошироки димензии. И наводите дека тоа се прави од хумани причини, бидејќи постои реален проблем ја нема таа димензија која ја има во првиот случај. Реков овде се работи за полнолетни лица кои биле свесни и покрај постоењето на факултети во Република Македонија и покрај постоењето на квоти. Да ви кажам јас имам многу позитивно искуство, бидејќи предавам два предмети на Факултетот, многу добро искуство со Албанци од Република Македонија кои постигнуваат високи оценки деветки, десетки, извонредни момчиња досега што студирале. Значи не е проблем да се студира на Скопскиот Универзитет, брилијантни студенти. Додека овде се работеше за еден облик на политички притисок и сега ни се создава таков резултат каков што го имаме.

Според тоа, постои голема разлика во пристапот на проблемите кои ги имаше поранешната Влада и како оваа Влада се обидува сега да го реши овој проблем, она за што господинот Тито Петковски го изнесе ставот на пратеничката група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Лазар Китановски.

За збор се јави господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници, членот 95 за кој водевме доста конструктивна расправа и членот 198 беше предмет на елаборација во овие два дена и во поголем дел тој беше предмет од гледиште од политички аспект, од аспект на тоа кој дозволуваше, кој не дозволуваше, кој го дозволи таканаречениот тетовски Универзитет, кој не дозволуваше и на крајот таканареченото од министерот, граѓанска иницијатива.

Јас би сакал да се осврнам од правен аспект на овој член и во тој дел потполно го поддржувам колегата Тито Петковски во делот, бидејќи на членот 198 не му е местото во преодните и завршните одредби. Министерот објасни во тој дел, бидејќи се работи за временски ограничен член е сместен во преодните и завршните одредби, но истото тоа временско ограничување можеше да биде регулиран во другиот дел, во посебна глава, ќе зборувам и подоцна зошто, а во преодните одредби да се ограничи временското ограничување. Бидејќи од досегашното работење и на овој Парламент и праксата во преодните и завршните одредби се регулираат правни состојби воспоставени со законот што важел до донесување на новиот закон и тоа е пракса. Но основно и најважно е бидејќи Собранието донесува закони и дава автентични толкувања, јас би сакал малку и професионално како член на Законодавно - правната комисија да дадам еден поглед доколку некој, овластен предлагач, или граѓани кои можат согласно Деловникот да побараат автентично толкување на овој член

и како тоа би изгледало. Во членот 198 со своите решенија нуди остварување на желбите и соновите на секој граѓанин на Република Македонија, што во даден момент сонувал да биде инжењер, машински инжењер, дипломиран правник па и официр, но немал можности, или не сакал.

Точно тврдам, за тоа и министерот ќе каже, би сакал да кажам одбегнувајќи го конкретното наведување во наведениот случај, за кој зборуваме два-три дена, пара Универзитетот или граѓанската иницијатива, бегајќи од конкретното во овој закон да не се спомнува, тоа му е целта на министерот, во дадениот случај заглавивме многу во општото. Да тргнам од мене, да тргнам и од мојот град. Граѓанска иницијатива, согласно член 198, може да биде и во Ресен, еден земјоделец кој има желба да биде агроном ќе поднесе барање до Земјоделскиот факултет, согласно член 198, не мора да поднесе никаква документација. Членот не зборува за никаква документација, дали посетувал настава, дали бил на некој курс за заштита на јаболката од разни болести, кој го организирала некоја американска добротворна фондација што е често, и тоа не мора. Ќе поднесе барање и Земјоделскиот факултет согласно статутот, мора да му дозволи. Најопасното е што мора да му дозволи упис во прва година. Сметам дека ќе дојде до еден правен хаос во уписната политика. И на правниот факултет, јас тврдам дека е така, наредната година, бидејќи има временско ограничување, секој кој сака да се запише на правниот факултет ќе поднесе барање дека посетувал граѓанска иницијатива. Тоа е така напишано и точно е и секој што сакал, што имал желба во прва година, па може да избере дали во втора година ќе се запише, може да избере трета година и на крајот може да побара диплома, бидејќи посетувал, завршил четири години граѓанска иницијатива во кој било град во Република Македонија и правниот факултет, согласно статусот, мора да му дозволи, дали тоа ќе биде во еден месец, дали тоа ќе биде во две години, но мора да му дозволи согласно членот 198.

Затоа, сметам дека требаше или да се конкретизира или која состојба ќе ја имаме сега - би сакал од оној конкретен дел во кој се бега, сметам доколку се впуштеше предлагачот во разработка на овој член, со одредени конкретни упатства, да исполнува одредени услови да поднесе индекс или потписи од признати и непризнати професори, тоа ќе беше друго.

Ние го апсолвиравме членот 95 и мислам дека ќе биде поддржан и овој закон од парламентарното мнозинство ќе биде поддржан, но би сакал да ја развијам таа тенденција на членот 95 со членот 198. Во Република Македонија ќе постои една јавна институција за образување на јазиците на националностите на наставни кадри за основно и средно образование, тоа е Педагошкиот факултет. Во Република Македонија, согласно член 95, ќе постои приватен колеџ или Универзитет на настава на еден од странските јазици или на албански јазик или на еден од јазиците на националностите, таканаречени сега Ван Дер Штул и во Република Македонија, дали од октомври или од ноември, но со почеток сигурно од септември со значеше, ќе постои и со можноста за акредитација на приватен таканаречен тетовски Универзитет и кој ќе е легален, што значи во Република Македонија ќе имаме на јазиците на националностите три факултети или колеџи, или дури и Универзитети.

Не е никаков проблем во исполнување на условите, тоа ќе се овозможи и тоа е целта на овој закон, па од учебната 2001 или 2002 година нема да има никаков проблем, согласно членот 95, за упис на националностите, особено на јазикот на албанската националност, на овие три високо образовни институции во прва година. Со усвојувањето на овој закон сигурно тоа ќе биде во ред. Останува нерешен проблемот на кој сите овде укажувавме, некој зборува за десет илјади студенти, некој зборува за осум илјади студенти, кој не е решен и треба да се реши.

Се смета дека тоа ќе се реши со членот 198, со тоа што сите овие студенти, од наредната година, кој е во втора година, трета, или кој завршил, треба да се обратат или на јавна високо образовна институција во Република Македонија, на двата Универзитети, може да избираат на Скопскиот или Битолскиот Универзитет, или да се обратат на приватната високо образовна институција. Тоа е решението во оној аспект кој зборува и за секој граѓанин на Република Македонија.

Можеше да биде поинаку. Незнам зошто предлагачот бега од тој дел. Сметам дека, како некои предлагачи, членот 198 треба да се повлече и да се изгласа амандманот, а проблемот кој тежи, кој е заеднички и беше укажано дали Владата на СДСМ или на ВМРО, овој дел се толерира, да се реши со посебен закон, кој закон сигурно во голем дел би го издржал она најбитното. Затоа што постојат легални институти за отстранување на одредени недоречености и

спротивставени односи на законите со Уставот.

Морам да кажам, бидејќи некои колеги пратеници, треба да и потпретседателот особено го толкуваше Уставот и некои други пратеници дека оваа одредба е спротивна, особено за членот 95, јас не би се впуштил во тоа и сметам дека никој нема право да тврди дека одредена одредба е спротивна на Уставот. Тоа може секој да го покрене, но сметам господине претседателе, и вие како стручњак во таа област, не би ве повикувал и тоа не е долично, но според моето скромно знаење и познавање на законите, сметам дека оваа одредба не може да ја издржи уставноста, согласно уставот на РМ, вака како што е формулирана. Тогаш што ќе се случи? Тврдам дека доколку нема други размисли и други сценарија - не би сакал да прејудицирам - не го решаваме проблемот член 198 на оние млади луѓе, кои се запишувале и кои дипломирале.

Тврдам дека Владата во најкраток рок некаде септември, октомври ако нема пак потврдувам некои други размисли, овој член не би можел да опстане. Мислам и од политички аспект, има некој друг начин кој е замислен за легализирање или запишување на студентите. Тврдам дека ќе има потреба и оваа Влада на парламентот ќе му понуди лекс специјалис со одредени критериуми, со одредени норми кои Парламентот сигурно ќе прави напори и Владата, да го доизгради правно, за да може да ја издржи уставноста и основната одредба, за која се залагаме и ние и Владата, тоа е владеење на правото.

Од тие причини сум потписник на овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Александар Гештаковски.

Има збор г-дин Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Мислам, дека претерано се воопштува ова што се обидува да го определи овој член 198. Имено, незнам од каде тој заклучок дека некој земјоделец може да се запише на Земјоделски факултет, кога многу јасно се кажува дека сепак тој требало да посетува настава на некоја граѓанска иницијатива и тоа на соодветно ниво на образование да се запише, а не било каде и под било какви услови.

И второ, дека оваа одредба важи до влегување во сила на овој закон, а не и другите граѓански иницијативи кои во иднина би можеле да настапат и се разбира, само таму каде што навистина се посетувала настава и каде што имало нешто, каде што конкретно се случувало нешто. Овој член се обидува да разреши една конкретна ситуација.

Во секој случај, мислам дека г-динот Гештаковски многу добро направи што го дообјасни овој член, затоа што во текот на расправата во изминатите два дена имаше обиди да се замагли овој член, односно да се протури една теза дека секој запишан студент на Тетовскиот Универзитет ќе мора да полага во соодветните јавни високо образовни институции, односно кај г-динот Саво Климовски или незнам каде. Мислам дека тие кои ќе сакаат да го проверат знаењето во јавната високо образовна институција на двата Универзитети во РМ, тоа и таму можат да го направат според овој член, но првенствено се мисли дека тие ќе имаат интерес да го остварат ова право во идната високо образовна установа која ќе треба да се оформи, така што тие кои ќе сакаат да ги продолжат студиите од прва година ќе се запишат во прва година, тие што ќе сакаат да се запишат на повисоките години, во таа установа каде што ќе сакаат да студираат, ќе треба да покажат пред своите професори дека навистина поседуваат знаења и се способни да ги продолжат, студиите, или пак да докажат дека се способни да се стекнат со соодветни дипломи, но сето тоа во соодветните високо образовни институции, што значи, таму каде што тој мисли дека ќе треба да го оствари тоа право.

Инаку, за да нема некоја недоумица, навистина без да се најде решение, за проблемот со студентите кои сега студираат, овој закон и сите решенија кои се нудат овде навистина нема да има никаква смисла и мислам дека ќе биде само залажување на сите нас овде дека нешто правиме, а дефакто еден голем проблем ќе остане нерешен. Мислам дека допрва ќе треба да го решаваме. Добро е да се обидеме барем на овој начин да го надминеме овој проблем, а за евентуалните пречки на кои може да се најде во текот на натамошното спроведување на овој закон, мислам дека ќе биде добредојдена помошта од сите кои можат да ја пружат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Мевљан Таири.

За збор се јави г-динот пратеник Ангел Симев.

Исто така, за реплика се јави г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, јас го читав и буквално го интерпретирав членот 198 онака како што пишува и тука нема никаква дилема. Точно пишува, да, земјоделецот ако има средно образование може да побара диплома на земјоделски факултет и тоа го тврдам. После укажувањето на колегата Таири, за односот меѓу јавните високо образовни установи и приватните и стекнувањето и легализирањето на дипломите членот 198 за мене е јасен и понатаму немам коментар. Многу ми е јасен и гласен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, овој предлог закон сметам дека повеќе акцентот го става на политичка основа отколку на образовна, затоа што во образованието нема компромис. Овде ќе се бара да се направи некој си компромис.

Најнапред би тргнал од Универзитетот на граѓанска иницијатива. Јас сметам дека со граѓанска иницијатива може да се формира само фудбалски клуб или некое друго спортско друштво, додека Универзитет не може да се формира со граѓанска иницијатива.

Исто така, овој закон ги оштетува најмногу Македонците.

Каде се Македонците низ овие четири години кои не успеале да се запиша на македонскиот Универзитет. Тие ќе бидат оштетени, а додека сите оние студенти Албанци кои се запишале на овој Универзитет, прашање е дали посетувале настава, дали полагале квалификациони испити, кој ја држел наставата, а ние знаеме дека настава може да држи само доктор на науки. Верувам и уверен сум дека 90% од предавачите не се доктори на науки.

Потоа, прашувам гласно како ќе се признаат испитите која комисија, во законот ништо не е кажано, како ќе се полага, пред кого ќе се полага. Потоа, како ќе продолжат студиите и проверката на знаењата, сакам да ми се одговори, кој ќе ја врши, пред која комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, господине министер, би сакал сосема накратко да укажам на три проблеми кои мислам дека овој амандман и овој член ги тангираат и не тангираат сите нас во врска со него, особено што и како предлагач на амандманот сакам да се изјаснам во врска со тоа зошто овој амандман го имам предложено.

Не навлегувајќи во дискусиите на Т. Петковски и г. Гештаковски кои целосно ги прифаќам, мислам дека се доволни за г-динот министер уште еднаш да се обрати пред Парламентот по повод нивните укажувања во врска со правните проблеми, во врска со овој член, иако тоа го направи еднаш во текот на расправата. Меѓутоа, мислам дека сега имаме право особено да бараме г-динот министер уште еднаш да се обрати на Парламентот во врска со овој член, затоа што јас поднесов еден амандман на членот 95, кој го елаборираше г-ѓата Илинка Митрева и Благоја Ханџиски, на кој господинот министер укажа овде дека овој пат не законот туку амандманот кој е поднесен има проблеми со Уставот на РМ, односно дека е против уставен. Во таа насока, јас би сакал да го прашам децидно г-динот министер, кој го предлага законот, дали членот 198, кој предлагаме со овој амандман да се брише, е член кој е во рамките на Уставот на РМ, и дали по негово мислење како министер, кој треба да води грижа за тоа, овој член би издржал процедура пред Уставниот суд. Дали господинот министер мисли дека ова е уставен член.

Вториот проблем што сакам да го дискутирам е следниот. Овој член не е член кој го решава проблемот со образованието и не е во насока на концептот на Законот за високо образование. Дури, и самиот факт дека е ставен во главата XIV како преодни и завршни одредби, укажува дека решава некои други проблеми.

Дозволете, како и анализата на Владата, јас да направам една многу кратка анализа во врска со проблемите што сака да ги реши овој член, на кој ние имаме поднесено амандман.

Првиот проблем, кој овој член 198 претендира да го реши е да стави конечно точка на обидите Универзитетот или пара Универзитетот во Тетово и во Мала речица да доживее легитимитет. Очигледно дека со овој закон таа институција, на начинот на кој сега е формирана, конечно се закопува. Овој член нуди преодни одредби, со кои ги излекува студентите од тој пара

Универзитет кон легитимните институции во РМ, во сферата на високото образование и со тоа на некој начин во една перспектива го затвора овој Универзитет.

Сега јас сакам отворено да го прашам господинот министер и го молам за мало внимание во врска со ова. Дали господинот министер има предвид дека професорите и студентите на овој Универзитет, пара Универзитет во Тетово не го прифаќаат решението на законот и дали она што г-динот министер ги соопштува во Парламентот дека тоа е проблем создаден 1994 година, кој сега мора да се реши, всушност овој закон дали тоа го решава. Што ќе се случи доколку оние кои таму работат и кои се разбира нелегално работат и нелегално студираат, останат на својот став, останат на ставот дека не го прифаќаат решението на овој закон и продолжат и идната година да запишуваат студенти, продолжат да изведуваат студии, продолжат да изведуваат настава и продолжат спротивно на законот, спротивно на легалитетот да држат настава во една високо образовна институција која не е регистрирана. Дали можеме да знаеме со гаранција усвојувањето на овој член во законот всушност ќе значи затворање на тој проблем.

Напротив, она што сакам да го предизвикам овде е прашањето дали водиме сметка дека, луѓето кои се таму кои се 7-8 илјади и кои плус имаат свои професори, институции, згради, едноставно не го прифаќаат овој начин на решавање и дека тие ќе продолжат, визави овој закон, ќе продолжат да го решаваат проблемот онака како што тие наумиле. Ова конечно не значи решавање на проблемот, меѓутоа, значи воведување на неуставни членови во законот.

Второ, оние кои евентуално ќе го прифатат ова решение во законот и ќе се упатат на двата постојни универзитети во Македонија, тоа се Универзитетите во Скопје и Битола, како би го решиле својот проблем на трансфер од една пара Универзитетска на легитимна Универзитетска институција - сега можеме ние да претпоставиме што ќе се случи, меѓутоа, да зборуваме отворено и нашите колеги од албанско етничко потекло да не ме сфатат за злонамерно, меѓутоа, со голема извесност можеме да тврдиме дека нивото на знаењата кои тие го поседуваат е далеку под она кое ќе помине на Скопскиот и Битолскиот Универзитет, прво, и заради причините кои ги кажа г-динот Симев, кој укажува дека таму ни асистентите ни професорите не се со звања, кои треба да обезбедат соодветно ниво на знаење на студентите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Вториот проблем ќе се јави кај оние, не кои остануваат таму и продолжуваат со својот проблем, туку кај оние што ќе се обидат да се трансферираат на Скопскиот Универзитет. Најголемиот дел од нив нема да ги поминуваат препреките со знаење кој ќе им ги поставaт институциите, без да прејудицирам, се разбира.

Меѓутоа, препреките не можат да ги поминат заради ниското ниво на знаење што им го обезбедува тој Универзитет во овој момент. Тоа значи дека некој на трета, четврта година на пара Универзитетот, се разбира, доколку не помине на испитот во Скопје, согласно овој член, нај едноставно ќе се врати назад и ќе го продолжи студирањето на тој факултет на кој започнал. Не успеал во Скопје, ќе се врати во Мала Речица, ќе си продолжи четврта година, ќе заврши и дипломата ќе си ја земе. Дали проблемот е решен. Степенот на проодноста од неколку илјади може да се сведе на неколку стотини. Тие 7 илјади таму не го решаваат тој проблем. Што значи дека покрај тоа што овој проблем овде вака се обидува господинот министер да го протури, прво јас не знам зошто господинот министер инсистира, еве токму тој да ја изнесе на грб целата работа и врелите костени од Владата од овој момент, во отсуство на голем број над него задолжени за ваквите проблеми.

Меѓутоа, имам впечаток дека покрај проблеми со уставноста на овој член од законот, има и проблеми со работата што треба да ја заврши. Можеме со голема степен на извесност да претпоставиме дека овој член од законот нема да го реши проблемот и дека тој ќе си продолжи да постои се додека се даваат сигнали од страна на Владата, со вакви закани, со вакви решенија дека тоа решение во тетовскиот пара Универзитет ќе продолжи да егзистира и очигледно ќе се пролонгира на некој подолг рок.

И третото, врз основа на ова што сакам да го кажам дека поради сето ова, Законот за високо образование не треба да трпи. Господинот министер сам, во една реплика со господинот Тито Петковски во текот на вчерашните ноќни расправи укажа на фактот што го потенцира сега и господинот Гештаковски, дека овој проблем може да се реши со овој закон,

може да се реши со некаква друга регулатива во рамки на Владата и со некој трет лекс специјалис. Јас отворено го повикувам господинот министер да ја прифати понудата на опозицијата, иако е, се разбира, таа понуда без капацитет да може да биде изгласана, меѓутоа да ја прифати како понуда, да го прифати амандманот на опозицијата, да го извлече Законот за високо образование на ниво кое ќе обезбеди консензус во Република Македонија, консензус кој ќе го прифатиме сите, вклучувајќи ги решенијата во членот 95, за кои исто така имаме спорови. Тогаш ќе може да се пофали пред јавноста и пред меѓународната јавност дека во Република Македонија тој како министер успеал во Собранието да донесе закон кој го изгласале сите пратеници и од позицијата и од опозицијата. Веднаш потоа за потребите на членот 198 нека поднесе лекс специјалис, кој нема да го обременува законот за високо образование и нека го донесе со 40, 50, без консензус во рамки на Уставот на Република Македонија. Се додека инсистирате во Законот за високото образование да внесува определби кои се неефикасни, а кои политички го оптоваруваат законот, се разбира, ризикува иако тој тоа го кажа и во воведниот збор, целиот закон, наместо Закон за образованието, да се сведе на крај на закон за решавање на политички проблеми. Оваа понуда, која самиот вчера ја понуди, иако на една мала врата, тивко, сфативме дека е сепак понуда, дека може да се реши на друг проблем, официјално го повикувам, доколку сака да се изјасни, се разбира, тоа право го немам да инсистирам, да размисли дали може да се прифати амандманот и во врска со овие решенија да предложи нов закон, а овој закон да го донесеме со еден вид на консензус. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Никола Поповски за учество во расправата.

Имаме пријавено двајца пратеници, но пред нив е пријавен министерот за образование.

Господинот Наќе Стојановски. Повелете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток. Сакам во врска со претпоставеното обраќање на господинот министер, се надевам дека ќе се случи тоа, да поставам едно дополнително прашање, за кое сметам дека треба да се даде гласен и јасен одговор.

Јас ја следев расправата целосно по овој закон, што можев физички да издржам во клупите во Собранието, што не, на екранот и т.н. Во целата расправа не стана за еден проблем што егзистира во Република Македонија за една категорија на граѓани кои студираат во Република Бугарија. Од информациите што допираат до нас од јавноста, практично се работи за категорија на граѓани на Република Македонија, студенти на Универзитетите во Република Бугарија, кои согласно критериумите и можностите, најповеќе на постојните високо образовни установи во Република Македонија, немаа можност да го остварат правото на студирање во Република Македонија на соодветните факултети, Универзитети во Република Македонија. Незнам сега официјални податоци, се цени дека таа бројка се движи некаде од 1.500 до 2.000 граѓани, всушност студенти во Република Бугарија, кои на најразлични начини се уценувани при своето запишување, уценување, дури до тоа да го изменат и својот национален идентитет. Се бараат документи за потеклото на нивните семејства, за нивните бугарски корени евентуално, во наводници, се уценуваат од материјална природа, а исто така голема е и бројката на одливот на девизните средства што се плаќаат таму за уписите и за нивното издржување на студентите, било тоа во трошоците што ги остваруваат во врска со студирањето или во редовниот живот. Некаде позамашна цифра за која јас се надевам дека актуелната Влада ги има таквите податоци, ме интересира, со обзир дека расправата е при крај за овој закон и по расположението и по изјаснувањето на пратениците веројатно и ќе се донесе.

Дали овој закон конкретно, дали членот 198 обезбедува услови во зависност од волјата на тие студенти што студираат на бугарските Универзитети, на Универзитети во Република Бугарија, а се граѓани на Република Македонија имаат можност на ефикасен начин да се трансформираат, да го продолжат своето образование да го стекнуваат во постојната мрежа на високо образовни институции и установи во Република Македонија, во постојната и евентуално во идната проширена мрежа што би ја овозможил овој закон со приватни Универзитети и т.н. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Наќе Стојановски.

Јас би дал збор и на госпоѓата Наталија Димова - Марковиќ, како последен пријавен дискутант, па да му дадеме после збор на господинот министер, да одговори евентуално на сите поставени прашања, за да понатаму немаме дополнителни прашања.

Збор има госпоѓата Наталија Димова - Марковиќ. Повелете.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Благодарам господине претседателе, претставници на Влада, колеги пратеници.

Најнапред ќе започнам од решенијата кои се во моментов пред мене и кои што во претходните дискусии беа негирани, а донесени 1992 година на првата седница на Владата.

Имено, не беше вистина тоа што беше проговорено од говорницата, дека тие решенија се во врска со основното образование, дотолку повеќе што решенијата се однесуваат на средното образование, на Центарот за средно образование "Нико Нестор" од Струга. Уште повеќе што тие решенија се, познавајќи ја скромно архивата, заверувани под еден архивски број, во различни датуми и се разбира, под различен број во Деловодникот, заради тоа што имаат кроз еден, кроз два, кроз три, четири и пет, како што имале потреба тогашните претставници во Министерството за образование да ги заверуваат овие решенија. Тоа е многу интересна работа, заради тоа што решенијата биле донесувани за одредени потреби, а заверувани под ист број од Деловодникот, под различни броеви, односно под различни под броеви во Деловодникот. Значи, решенијата се во врска со ученици од прва и втора година средно образование, чие што образование треба да се легализира, да се примат во одреден степен на образование, соодветен на тој што дотогаш го посетувале, да се признае тоа образование и наставата да продолжи на начин кој што тогашното Министерство за образование предлага со овие решенија да го продолжи.

Значи, без Закон за образованието, без повикувањето на одреден член од Законот, решенијата се донесени, тие се спроведени 1992 година при првата седница на Владата. Мене ми е многу чудно што низ овие дискусии провејува уставноста на член 198, заради тоа што за уставноста на член 198 законодавниот дом, воопшто не е ни надлежен. Надлежни се институциите кои што треба да ја проценат уставноста на тој член од Законот. Ние треба да го донесеме законот како законодавен дом. Во спротивно, да се потсетиме на одредени одлуки донесени од Уставниот суд, кој што ги споревме, за кои говоревме дека се донесени во овој законодавен дом и тие беа оспорени од Уставниот суд. Законодавниот дом ги донел тие одлуки, решенија или како сакате, било кои акти, кои понатаму подлежеле на одреден надзор на институциите кои се надлежни за надзорот и донесување на одлука за уставност или неуставност. Ние немаме право, ниту мандат да зборуваме околу тоа колку членот 198 е уставен или неуставен. Ние можеме да говориме, да го спориме, оправдуваме или како сакате, Законот за високо образование и членовите кои ги содржи истиот закон, меѓутоа, за уставноста апсолутно немаме никаков мандат да говориме.

Соодветно на дискусиите, ќе проговорам само околу контрадикторноста на говорите вчера од страна на опозицијата и говорите денес. Сосема се контрадикторни вчерашните и денешните говори на опозицијата. Сосема се уште повеќе контрадикторни во времето кога беа позиција и денес кога се опозиција, заради тоа што дали и во зависност од тоа во која позиција се наоѓаат, дали во зависност од тоа дека Законот за високо образование неколку години стои во фиоките на Министерството. За истиот тој никој немаше доблест да седне, да го разгледа, да се исконсултира со надлежните органи, со сите оние што е потребна консултација за истиот закон и да ја собира прашината во фиоките на Министерството за образование, а денес, кога тој стигна на дневен ред на седница на законодавниот дом, ние можеме да го спориме и да го оквалификуваме онаков или онаков, без разлика на тоа од кога се зачетоците на тој Закон за високо образование.

На вчерашните дискусии, самата опозиција призна дека Законот за високо образование датира уште од времето на министерувањето на госпоѓата Софија Тодорова. Споменаа вчера во дискусиите дека законот датира од тоа време, дека ништо не е изменето во законот, освен тоа што член 198 сега само постои во

Законот како дополнителен на она што било предлог на закон уште во тоа време.

Значи, спор во законот немаше вчера, денес веќе го има, тоа самото покажува контрадикторност на исказите вчерашни и за жал, покажува дека нема доблест опозицијата да признае дека Законот кој што еднаш почнал да се работи, сега веќе помина, две рецензии има Советот на Европа и дека навистина е ред да се донесе во законодавниот дом, за да се регулира високото образование и сите акти на високото образование.

За нивото на образованието кое се толкува во членот од Законот објективно, односно пристрасно, поради легализација, односно доказот за степенот на образованието, апсолутно не можам да се согласам поради тоа што нема никакви аргументи кои докажуваат дека степенот на образованието кое што кандидатот го достигнал, нема да биде испитуван, односно нема да подлегне на испитувањата на комисијата, која што ќе биде формирана и ќе докаже степенот на образованието, од кои што кандидатот ќе може да стартува со понатамошното образование.

На крајот, премногу политички се манипулира со најосетливата категорија, а тоа се студентите. Предлагам да се дадата решенија, ако опозицијата има некакво решение кое е аргументирано, кое може да помогне во овој Предлог на закон, кој што може да даде поефективни решенија, кои ќе се однесуваат на студентите во високото образование, нека настапи со конкретни решенија кои ние секако ќе ги прифатиме или не. Ако имаме аргументи за одбивање на таквите предлози, ние аргументирано ќе ги одбиеме, но вакви бегли образложенија кои што не можат да опстојат, јас ги молам да не даваат и да не должи амандманската расправа, за да можеме да го донесеме законот.

На крај, да видиме дали имаме мнозинство, дали се согласуваме со донесување на законот или не. Благодарам и уште еднаш претпочитам да не се манипулира со оваа нај осетлива категорија на граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата пратеник Наталија Димова - Марковиќ за учество во расправата.

Јас сега мислам дека има право да проговори господинот министер за образование Гале Галев, давајќи куси одговори, се надевам, на сето она што денес беше поставено како прашање. Повелете.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Јас ќе се обидам да одговорам на сите прашања.

Прво сакам збор - два во врска со излагањето на колегата Китановски. Тој прво изрече нешто во врска со моето излагање кое не била моја намера. Јас мислам дека сите добронамерни ме сфатија дека повикувањето на одлуките на претходната Влада и решенијата на министерот за решавање на една конкретна ситуација која се случила 1992,1993 година не беше со намера да барам алиби за работата на таа Влада, во грешките на претходната Влада. Јас реков нешто друго. И тогаш имало проблеми и сега има проблеми и реков дека при барањето на решението ни помогнавте и вие, мислев на решенијата кои тогаш се пронашле, кои разрешиле една конкретна ситуација. Ние, сакале да признаеме или не, тоа е на ниво на граѓанска иницијатива. Пара гимназијата во Радолиште, пара гимназијата во Длапкин Дол, не се ништо друго освен пара институции. Институции кои израснале надвор од рамките на образовниот систем на средното образование. До тука нема никаква дилема. Проблемот се родил, се трагало по решенија и се оценило дека треба да се излезе во пресрет на децата, да се вклучат во рамките на редовниот образовен систем и мислам дека не е направена грешка. Оттука, јас не сум барам никакво алиби.

Вториот дел од излагањето на колегата Китановски исто така ми е неприфатлив, кога сакаше да прави разлика помеѓу граѓанската иницијатива во Радолиште и во Длапкин Дол, со граѓанската иницијатива тетовски Универзитет. Едноставно, таква разлика нема. Дали нешто е граѓанска иницијатива или не е, не се цени врз основа на тоа дали слушателите биле малолетни или биле полнолетни. Граѓанската иницијатива се цени според тоа дали е израсната врз основа на нормативниот систем, кој уредува одредено прашање. Начин на основање на гимназија, или начин на основање на високо образовна институција.

Што се однесува до возраста, бидејќи припаѓам на оние кои тесната специјалност им е цивилното право, субјективитетот одредени случаи се стекнува уште во утробата на мајката,

под услов ако зачетокот се роди жив и човеколик. Во моментот на раѓањето се стекнува со правна способност, а во зависност од возраста има три степени на деловна способност, правниците тоа добро го знаат.

Има ограничена деловна способност, има посебна правна способност и има полна правна способност. Но, одговорност има. Одговорноста кај оние кои што се малолетници, во зависност од возраста, може да биде и самостојна, може да биде и поделена. Оние што имаат полна деловна способност, одговорноста ја сносат сами. Значи, не држат тие аргументи.

Постоел еден реален факт, имало проблеми, Владата тогаш нашла за сходно да го разреши и јас немам ништо против со тоа. Тргајќи по решение, ние го искористивме тоа искуство, еве ако сакате да се послужиме со терминологијата на англосаксонското право, се послуживме со еден преседан. Што има сега тука лошо. Сега да му се импутира на тоа дека оваа Влада сака своето погрешно работење да го правда со погрешното работење на претходната, барем за овој министер, немал такви намери.

Јас од почетокот кога почнав со работа на овој закон, барав еден широк консензус, една широка основа. Сега, да не ви ги бројам луѓето со кој се сум разговарал, бидејќи списокот е толку долг што навистина би влегле сите релевантни политички субјекти од 1991 година наваму, не занимавајќи се со прашањето на која политичка опција тие и припаѓаат. Тоа е околу излагањето на господинот Китановски.

Што се однесува до излагањето на господинот Гештаковски, па потоа се придружи и господинот Поповски, а се повикаа на излагањето на господинот Петковски. Морам да ви кажам дека сум пријатно изненаден и тоа ме радува. Мислам дека тоа е една клима која треба да се негува, која треба да се создава.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:** (Продолжение)

Само ќе повторам, дајте да одговориме на основното прашање, а тоа е дали сакаме да излеземе од оваа состојба, од овие последици на квалитетен начин. Ако сакаме да излеземе, тогаш ќе имаме консензус по прашањето. Оттука натаму се сведува прашањето на пристапот. Дали решението ќе го бараме во рамките на овој закон или решението што го бараме надвор од овој закон. За мене и едното и другото решение се прифатливи. Зошто? Затоа што ќе доведат до тоа прашањето да го затвориме и да не ни се повторува. Вчера реков, ќе повторам, темпорално е поставено од влегувањето на сила на овој закон до 31 декември 2001 година. Оттука натаму не може никој да се повикува повторно на некои граѓански иницијативи. Зошто? Затоа што имаме легално изграден нормативен систем кој комплетно го затвора високото образование и оттука натаму никој врз нас не може да врши никаков притисок. Еве, ќе бидам сосема отворен, бидејќи овој закон се правеше во една широка консултација која ги надмина рамките на Република Македонија, меѓу другото беше зафатено и ова прашање и беше речено ако вие успеете да смогнете сили, да излезете од оваа состојба во која се наоѓате, не можете се да фрлите врз оние таму што се нашле, оттука натаму она што е обврска и морална и правна и како сакате друга, државата си ја исполнила. Ако некој после тоа сака да прави граѓански иницијативи, нека му е со среќа. И тие ќе раснат, да не не чуди тоа, можете вие да регистрирате едно приватно училиште за странски јазици. Што е тоа? Тоа е неформално образование кое влегува во граѓанските иницијативи. Тоа свидетелство што ќе го добиете го нема својството на јавна исправа. Вие можете да си го употребувате, ако некој бизнисмен сака да ве земе да работите таму, ако ви поверува на знаењето, може да ве земе. Но, тоа не е јавна исправа. Ако не е јавна исправа, не создава обврска за државата да ја признае ниту од неа да извлекува некои права некој, а другата страна да ги признава. Тука е проблемот.

Беше поставено во тој контекст дали сега после донесувањето на овој закон ќе престане тетовскиот Универзитет? Реков, овој закон персонално не се занимаваше со ниту една институција ниту од сферата на јавното образование, ниту од сферата на граѓанските иницијативи. Тој на нормативен план, на апстрактно ниво ги уреди односите.

Ако некој смета дека и после влегувањето во сила таму треба да прима знаење, па кој може да го спречи тоа? Дали имаме инструментариум да го спречиме. Има пари, ќе ги дава, има некој во кој му верува дека може да му дава знаење, нека оди, нека се школува, но државата нема обврска ниту правна, ниту

морална, ниту меѓународна, таквите исправи да ги верифицира, да ги признава.

Што се однесува до дефиницијата, јас морам да кажам дека внимателно е влечено, господинот Гештаковски јас многу го ценам, тој е солиден правник, го почитувам, мислам дека ме почитува, не сме си направиле ништо лошо. Сигурно дека решението во себе е поставено така да речам на широка основа како да не се сведува само на граѓанската иницијатива, која е врзана за тетовскиот Универзитет, но впрочем на тоа се однесува. Сега, ако сакаме да се лажеме, ајде да почнеме да се лажеме. Тоа е таа институција од декември 1994 година која постои до денеска и тоа е таа институција која направи големи политички проблеми. Зошто сега да бегаме од ова. Но, ние не можеме да дефинираме под име и презиме затоа што е граѓанска иницијатива, затоа што од формално правно не израснала, затоа што нема свое име и презиме, туку е граѓанска иницијатива. Име и презиме ќе имаше тогаш кога таа ќе беше регистрирана во некој од судовите во Република Македонија. Вие знаете дека и за физичките лица подеднакво важи и за правните лица. Кажете кое е името, нема име, нема име, затоа што е правен субјект кој не е на рамништето на високо образовните институции кои настанувале врз основа на Законот за насочено образование. Нема тука лутење, можеби сега некој што ме слуша од надвор и мојата дискусија го иритира, но тоа е фактот, јас сум правник, јас морам да се движам во рамките на она што значи Устав на Република Македонија и правни прописи и да сакам поинаку да мислам, тогаш погрешно би мислел или би бил неискрен.

Следното прашање кое го постави, господинот Наќе Стојановски исто така исклучително го почитувам и ценам, мислам дека сум му бил асистент, за нашите кои одат надвор. Можат да појдат назад и треба да дојдат, еве сега на првата наредна Влада, ако останам министер за образование, бидејќи знаете во текот на неделата ќе има нова Влада, јас ќе излезам со конкретен предлог да ги отвориме максимално нашите институции за сите оние кои покажале знаење по приемните испити, ако не можете да им дадете работа, тогаш мора да им понудите друга алтернатива, а тие алтернативи се две. Или улицата или да учи. Меѓу нив јас сум за учење. Проблемот е малку финансиски, но тука исто така ако се има волја може да се најде квалитетно решение. Некој ќе каже, но чекај ќе ги полниме факултетите со големи бројки на студенти, каде тоа не води. Вчера на таа линија дискутираше господинот Поповски, имаше едно добро излагање и од него можат да се извлечат многу релевантни заклучоци. Нема штета од учени луѓе. Проблеми има од непросветена нација. Јас сега не сакам да ја злоупотребувам говорницата, но ќе го замолам господинот претседател да ми допушти една мала кратка елаборација.

Еден министер како мене некаде пред сто години на овие простори држел една беседа пред пратениците и го изложил пристапот за тоа што треба да прави нацијата ако сака да биде просветена и да фати приклучок со Европа. Значи, постојано овој Балкан трча по некои приклучоци. При тоа негово излагање се заложил добронамерно дека нај исплатливата инвестиција и нај евтина иако на прв момент изгледа скапа е да се инвестира во знаењето. Арно ама направил една грешка за една област рекол, е таму не. Зошто? Затоа што ако многу ги изучиме не можеме да ги владееме. Е, тоа се враќа како бумеранг и можеме да го препознаеме овде на овие балкански простори како се враќа. Затоа, јас сум за образовани луѓе и затоа не ме боли, не ме гризе совеста овие 10 илјади или 5 или 2 илјади ги пропуштиме низ нормативите и стандардите кои ги нуди овој закон, да ги испитаат професори кои на легален начин се избрани за професори, ако пред нив докажат знаење, тогаш да им го определат статусот толку колку е нивното знаење и верувам дека професорите ќе имаат доблест тоа да го направат, нема да прават лакрдии и да го сведат високото образование на ниво на пиљарници. Нека ми простат оние кои се бават со тоа, го употребувам за да направам споредба помеѓу високото образование, дека сепак станува збор за многу сериозна работа.

Се постави прашањето овде дека нема доволно елементи во членот кој ќе ги испитува, како ќе се испитуваат, врз основа на што ќе се прави проверката. Има, има, има, сето тоа во членот е кажано. Нормативи и стандарди утврдени во овој закон и статутот на високо образовните институции. Ако некој добро го чита законот ќе види колку е сложен инструментариум. Ќе си поднесе молба, молбата ќе се прегледа, врз основа на таа молба во рамките на статутот ќе се донесе решение, ќе му се каже на тој што

треба да направи, ќе се формира комисија, комисијата ќе го провери знаењето, врз основа на тоа ќе ја изрече оценката, ќе ја внесе во индексот и оттаму па во иднина тоа е оценка која е стекната на легална високо образовна институција.

Уште еднаш ќе речам ништо немам против за граѓанската иницијатива, како форма во која се дава образование, но тоа не е високо образовна институција, затоа исправите таму кои се стекнуваат не се јавни исправи и оттаму нема права за оној што носи таква исправа, а за другата страна нема обврска.

Нашиот проблем е тие луѓе кои ќе ги вклучиме во нормативно правниот систем нормален на високото образование да дојдат до овие дипломи, тогаш мислам и тие ќе бидат среќни и нивните родители и ние сите и повеќе нема да се занимаваме со овие работи.

Ние тоа не сме можеле до сега да го направиме. Зошто? Затоа што сме немале закон. Едно што немавме закон, друго постојниот што го имаме не дозволуваше приватни институции. Не само што не дозволуваше приватни институции, туку не дозволуваше да се слуша настава на мајчин јазик, а овој закон сега тоа го допушта. Затоа во моето експозе реков, сега ќе повторам, ако вие сега по десет години дојдете до сознание, истите сме ние, го толкуваме Уставот дека има основ да се слуша, а тоа значи и да се изведува настава на мајчин јазик, оттука, ако тоа право не си му го давал десет години, а тој смета дека јазикот му значи нешто, па одел таму кај што одел, можеби и не бил доволно свесен дека оттаму натаму ќе биде манипулиран, употребуван во други цели, се нашол таму каде се нашол, сега го имаме нормативниот систем дајте сега да му дадеме можност да излезе на правиот пат.

Последното прашање, реков дека пријатно сум изненаден и мислам дека тоа е тонот кој треба да го негува и овој Парламент и да создаваме едно јавно мислење, македонско, здраво, и на тој начин нашето општество ќе зрее и можеме да му предвидиме една сигурна и стабилна иднина. Ако ние меѓу себе сите се почитуваме, независно кој на која политичка опција паѓа, кој на кое јазично подрачје, конфесионалност, националност и т.н., мислам дека многу голем резултат ќе направиме.

Прашањето беше, дали овој министер денеска може овде да каже пред вас дека ова прашање добро би било да го извлечеме од Законот за високото образование, тоа е членот 198, да го поместиме надвор во друг закон, јас и вчера реков и сега прифатливо е такво решение, но што ме смирува ако остане и се изгласа законот и ако биде составен дел на овој закон. Има институции на системот, да се радуваме тие да ни функционираат. Никој не може да биде попречен да покрене иницијатива и да се направи проверка на тоа што овде е вградено како решение уставната институција да го провери. Ако го провери тоа и констатира дека има недостатоци, ние сакале или не повторно овде ќе се вратиме во овој Парламент, битно е ова, јас верувам дека трите дискусии вчера господинот Тито Петковски кој дискутираше, внимателно го слушав, не сакам да повторам дека го почитувам, бидејќи вчера реков, господинот Гештаковски и господинот Поповски ми се чини дека зборуваа во името на СДСМ. Ако постои оваа спремност, тоа е капиталот, тоа е вредноста која ќе ме однесе дома и мирно и спокојно ќе заспијам. Низ институциите на системот нека се провери, ако овој член не може да ја издржи уставно правната проценка битно е да постои волја овде да излеземе од оваа ситуација, бидејќи сакале или не по различни линии сме тргнале кон Европа и Европа не цени. Ако ние смогнеме сили одговорно да се однесуваме кон прашањето тоа е плусот кој сите ќе го споделиме, ќе го имаме како капитал.

Да завршам, денеска немам мандат, јас сум министер во Владата на Република Македонија кога проектот е на ниво на Министерство е една работа, на ниво на Комисија е друга работа, кога помина низ Владата, кога дојде како Предлог, Владата стои зад него како колективен орган, јас би бил крајно несериозен денеска како министер да си земам за право сега да кажам чекајте ќе ги свртиме работите за 360 степени.

Затоа, апелирам и молам тоа е се дошло до ова ниво, така се оценило, понудено е решението, но опцијата која овде беше понудена е присутна тука и дај боже да биде присутна кај сите, никогаш не е доцна.

Еве, да не должам сакам да завршам со уверување дека се разбравме, дека сите *сме* добронамерни и добро си мислиме на сопствената земја во која живееме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за образование господинот Гале Галев.

За збор се јави повторно господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас навистина од коментарот, од министерот во врска со моето прашање, не сум задоволен, затоа што прашањето беше сосема конкретно. Прашањето не се однесуваше за идната уписна политика на Универзитетите во Република Македонија, ниту за волјата на почитуваниот господин министер и неговиот поглед спрема уписната политика. Прашањето беше конкретно дали постојниот проект за кој расправаме овозможува лесна трансформација на оние студенти кои ќе изразат волја, кои сега студираат во Република Бугарија да продолжат со студирањето во мрежата соодветно на својата образовна определба што ја имаат таму, да продолжат во мрежата во Република Македонија на високо образовните институции.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Нека ми биде дозволено дека добро не сум го разбрал господинот Стојановски, сигурно дека може, секој наш студент таму може да си земе исписница, ќе се јави на соодветната високо образовна институција, велам секој наш граѓанин на Република Македонија кој од една или друга причина се нашол надвор од границите на Република Македонија се запишал на легална високо образовна институција може да си земе исписница, да дојде на соодветната високо образовна институција и да си ги продолжи своите студии под условите под кои тоа го прават и нашите граѓани кои се запишале од начело на одреден факултет во рамките на Република Македонија. И јас сакам се помалку да одат наши граѓани надвор од тоа што ние не можеме да им пружиме доволно можност да се запишат на старт во рамките на нашите високо образовни институции.

Јас сум на страната на младите, на страната на студентите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед дека повеќе немаме дискутанти, ја затворам расправата по овој амандман.

Ве молам да влезат пратениците, поминуваме повторно на гласање.

Дајте седнете на своите места.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

18 пратеници гласаа "за", 6 "воздржани", 52 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 198 со насловот, поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 198, став 1 за менување на алинеја 2 и за додавање нова алинеја 3 по амандманот 2, поднесен од пратеникот Рубенс Наумовски.

Го молам министерот да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 199, поднесен од пратеникот Рубенс Наумовски.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на насловот пред член 197 и на член 197, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, пратеникот Благој Ханџиски дополнително поднесе амандмани на член 90 за менување на став 1, член 103 за менување на став 2, член 104 за менување на став 1, член 104 за менување на став 2, член 104 за менување став 3 и на член 150 за додавање нов став 2 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 90 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Дали некој бара збор?

Се разбира поднесувачот на предлогот господинот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Прво да ги запознам колегите во што се состои амандманот.

Се предлага во членот 90 ставот 1 да се промени и да гласи:

"Недвижниот имот и другите средства на државните Универзитети и високо образовни установи во неговиот состав освен средствата стекнати од легати, наменски прилози, подароци, завештанија се имот на Универзитетот и на високо образовните организации".

Додавката е повторно и на високо образовните организации со оглед на тоа што и спрема досегашниот закон и спрема овој закон, високо образовните организации имаат право да стапуваат на билатерален план во соработка со високобразовни организации во државата и надвор од неа.

Како што знаете, имотот е еден од основните услови да можат да стапат во таква соработка. Затоа ви е предложен амандманот. Ако остане имотот само да биде на Универзитетот по мене толку колку што се разбирам, таа соработка на секој факултет со било кој факултет во државата или надвор од него ќе биде оневозможена.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

17 пратеници гласаа "за", 7 "воздржани", 52 "против".

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 90 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Отворам претрес по амандманот на член 103 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали се согласува.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

Тоа всушност е прифатен амандман и затоа е апсолвиран.

Инаку амандманот е во ред. Веќе е прифатен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, прифатен е.

Отворам претрес по амандманот на член 104 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали се согласува.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

15 пратеници се за, 5 воздржани и 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 104 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Отворам претрес по амандманот на член 104 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали се согласува.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Еве, едно дополнително објаснување во врска со претходниот амандман и со овој амандман.

Со ставот 2 од амандманот на член 104 се определуваме, ако помине оваа содржина дека до дипломските студии од став 1 на овој член, кога се организираат како студии за стручно образование, значи станува збор за студиите на високите стручни школи, дека тие студии може да траат од една до три години.

Од искуството што јас барем го имам, со оглед на тоа што има други

членови во кои е кажано дека оптовареноста со часови неделно кај високо стручните школи е до 20 часови неделно, а на факултетите до 30 часови, со оглед на тоа што овде се предвидува да трае една година студија на високо стручна школа, тогаш ќе дојдеме во состојба во која што високо образование ќе добиваат студенти со два семестри и 20 часа неделно. А, високо стручно образование односно високо образование ќе добиваат студенти кои ќе завршат факултет, на пример како што е Медицинскиот, каде студиите може да траат и 6 години, а наставата или оптовареноста е 30 часови. Таков случај не сум сретнал, да има високо стручна школа да трае под две години. Никаде една.

Затоа со амандманот се бара студиите да траат не помалку од две години.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

14 пратеници се за, 6 воздржани, а 55 против.

Констатирам дека амандманот на членот 104 за менување на става 2, поднесен од господинот Благој Ханџиски не е усвоен од Собранието.

Отворам претрес по амандманот на член 104 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали се согласува.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

За гласаа 15 пратеници, 8 се воздржани, а 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 104 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Отворам претрес по амандманот на член 150 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали се согласува.

Има збор министерот за образование, господинот Гале Галев.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

И овој амандман има исто решение како и законското. Не гледам разлика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа по амандманот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Едно кратко до образложение.

Многу е добро што во законот за прв пат се воведуваат насловни наставнички звања на факултетите со подолга традиција, каде веќе имаме поголем број млади научни кадри со звањето доктор по науки.

Со оглед на тоа што се почесто нема место, доволен број на предмети за да бидат избрани во наставното звање доцент, многу е добро решението што тие го добиваат насловното звање заради тоа што ги исполнуваат условите за доцент, а немаат предмети да држат и настава, туку можеби ќе држат вежби.

Во еден момент се создаваат услови од насловно звање да прејдат во наставничко звање, затоа што се ослободил некој предмет. Во Законот не е решено дека тој, насловниот доцент или насловниот вонреден професор мора да влезе во истата процедура, како кога се бираат наставничките звања, а тоа значи дека факултетот мора да распише конкурс, иако имал наставно звање, да го конкурираат сите што имаат звање докторат, што го исполнуваат условот, на пример, за доцент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

17 пратеници се за, 10 воздржани, а 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 150 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски.

Дами и господа пратеници, завршивме со амандманскиот претрес.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара...

Господинот пратеник Никола Поповски, бара збор да си го каже конечното мислење. Повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се извинувам господине претседателе и ние сме изморени после два дена.

Се надевам дека, мене ми е должност како координатор да искористам само една минута, ќе ми дозволите, нема да биде долго да го кажам мислењето на Пратеничката група на СДСМ.

После толку работа на Законот, нашето мислење мислам дека во основа се допре со мислењето на Владата и на парламентарното мнозинство.

Навистина, во еден момент помисливме дека ќе можеме да се доведеме во ситуација да го гласаме законот и да биде усвоен со консензус. Меѓутоа, во последната амандманска расправа, мислам и на министерот господинот Галев му недостасуваше малку храброст да го прифати нашиот предлог со кој, заради членот 198 што би бил изместен во лекс специјалист, како што кажа тој, ќе овозможеше да го гласаме законот.

Во овие услови, ние немаме никакви резерви во овој момент, иако некои од амандманите не ни беа прифатени, спрема ниту еден член од овие 208, спрема членот 198 за кој потенцирам, ако можеше министерот уште малку да размисли, можеби ќе имавме и консензус.

Во овие услови Пратеничката група на СДСМ, поради членот 198, не е во ситуација да се изјасни позитивно за овој закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

Тоа е коректно, исправно и деловнички и логично и секако.

Ако никој повеќе не бара збор, дозволете ми да го заклучам претресот по текстот и по Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа за, 4 се воздржани, а 20 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за високото образование. (Аплауз).

Дами и господа пратеници, со ова денеска ќе ја прекинеме расправата и утре продолжуваме во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 21,10 часот).